**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Шестото продолжение на Сто и дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 март 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата. Продолжуваме со работа по 120-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Гзим Острени, Јани Макрадули, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓорѓиев, Славица Станковска, Марјан Ѓорчев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Хусеинџеват Хусеини, Фазли Велилу, Теута Арифи, Мендух Тачи и Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Преминуваме на 23-тата точка - Предлог на стратегија за управување со јавен долг за периодот од 2006 до 2008 година.**

Предлогот на стратегијата и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени.

Отоворам претрес по текстот на Предлогот на стратегијата.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски, министер за финансии. Повелете, имате збор.

**Никола Поповски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете ми да дадам воведни напомени и некои експликации по Стратегијата за управување со јавен долг за периодот од 2006 до 2008 година.

Една од позначајните реформи кои почна да ги спроведува Министерството за финансии на Република Македонија во 2005 година е реформата по областа на управувањето со јавниот долг. За таа цел беа извршени бројни законски и институционални промени, со што се создаде основа за извршувањето на оваа функција во иднина.

Како дел од зајакнување на рамката за спроведувањето на Законот за Јавен долг, кој го донесе ова Собрание, и креирање на прудента политика за управување со јавниот долг, денеска пред вас ќе ја презентирам првата среднорочна Стратегија на Република Македонија за Управување со Јавниот долг за периодот од 2006 до 2008 година. Со донесување на стратегијата за управување со јавен долг, Собранието на Република Македонија ќе и даде на Владата на Република Македонија, а пред се на Министерството за финансии како надлежен орган, рамки на делување во насока на прудентно управување со јавниот долг на државата на среден рок, односно во наредните три години.

Основна цел на стратегијата за управување со јавен долг е на среден рок да обезбеди минимизирање на трошоците за сервисирање на јавниот долг, со истовремено оптимизирање на ризиците. Стратегијата претставува основна рамка во која се вршат сите идни задолжувања и други операции кои се насочени кон оптимализирање на должничкото портфолио на државата.

Стратегијата за управување со јавен долг се состои од три дела.

Во првиот дел се објаснуваат карактеристиките на вкупниот јавен долг на Република Македонија, состојбата, структурата како и динамиката и движењето на јавниот долг во изминатиот преиод. Во таа насока би сакал накратко да ве информирам за основните параметри на јавниот долг на Република Македонија.

Состојбата на вкупниот јавен долг бележи континуирано намалување во последните неколку години. Сепак, наследените проблеми со долгот од минатото, како и преструктуирањата на банкарскиот сектор во изминатиот период влијаеше на креирање на неповолно портфолио во Република Македонија во кое доминираат инструменти со кои не може да се тргува на пазарот на пари и капитал.

Јавниот долг во однос на БДП на крај на 2005 година изнесуваше 40,9%, односно 1,8 милијарди евра и споредено со 2000 година кога тој долг изнесуваше 52,5% во однос на БДП, бележи значително намалување од 11,6 процентни поени.

Од аспект на валутната структура најголем дел, односно 94% од јавниот долг, е деноминиран во странска валута, додека 6% е деноминиран во домашна валута. Долгот номиниран во евра учествува со 51% во вкупниот јавен долг додека 23% се деноминирани во САД долари.

Структурата на каматните стапки на нашиот долг е врамнотежена, со тоа што 56% од портфолиото на јавниот долг е со фиксни каматни стапки, додека 44% со флуктуирачии каматни стапки (во овој процент влегува и долгот со рок на достасување од 12 и помалку месеци).

Во вториот дел на Стратегијата се разработени ризиците со кои се соочува портфолиото на јавниот долг на Република Македонија и кои опфаќаат значајно место во стратегијата на секоја земја. При тоа, како позначајни ризици со кои Министерството за финансии на Република Македонија внимателно ќе управува во наредните години се: ризикот од обемот на јавниот долг, ризикот од рефинансирање и пазарен ризик.

Ризикот од обемот на јавниот долг се согледува преку соодносот на јавниот долг и БДП. Во Република Македонија овој однос е понизок 40,9% и е релативно скромен во споредба со ЕУ. Имено, во 2004 година соодносот на јавнкиот долг и БДП за 15-те земји членки на Европска унија тогаш изнесуваше 64,3%, а 63,4%, значи само 1%

разлика, за поширокатa Европска унија со 25-те членки. Сепак, Република Македонија е земја со пониска кредитна способност од оние на Европската Унија и тоа треба да се има во предвид при утврдување на безбедното ниво на јавниот долг и затоа треба да има пониско ниво на задолженостод она на Европската Унија. Како и да е, ризикот на Република Македонија да го изгуби капацитетот за сервисирање на јавниот долг, без разлика дали е домашен или странски, во одреден рок е многу мал, дури во овој момент можам да кажам и исклучен, имајќи го во предвид проектираното намалување на нивото на јавниот долг во текот на наредните години и државната фискална политика.

Еден од ризиците е, како што кажав, ризикот од рефинансирање и тоја за Република Македонија може да биде потенцијално изложен ризик. Овој ризик е особено релевантен кога достасаниот долг е потребно да се рефинансира со дополнителна емисија на нов јавен долг т.е. кога е потребно да се покријат отплатите на постојниот долг со ново задолжување, што впрочем го прават сите држави. Меѓутоа, би истакнал дека јавниот долг на Република Македонија е релативно добро дистрибуиран и нема голема концентрација на отплати во било која година поединечно во идниот среден рок, што го исклучува ризикот.

Во поглед на значителното подобрување на економските услови во последните неколку години, политиката на идни задолжувања ќе биде повеќе ориентирана кон пазарите на капитал и приватните кредитори т.е. кон поголем дел од јавниот долг издаден во вид на хартии од вредност (кои се пазарни и ликвидни инструменти и кои овозможуваат намалување на рефинансирачкиот ризик) како што е веќе познато издавање на првата Еврообразница на Република Македонија на меѓународниот пазар на капитал.

И третиот сериозен ризик, таканаречениот пазарен ризик произлегува од изложеноста на финансиските обврски поврзани со долгот на промени на економските варијабли. Тука, особено се анализира промената на каматните стапки на домашниот и на меѓународниот пазар на капитал и движењето на девизните курсеви. Ризикот е особено висок онаму каде поголем дел од долгот е изразен во странска валута и е со варијабилни каматни стапки и токму затоа нашата политика е ориентирана да го исклучиме тоа.

Политиката на управување со јавниот долг на Република Македонија ќе биде во насока на намалување на овие ризици со намалување на делот на долгот изразен во странска валута, и тоа преку трансакции за предвремена отплата на таквиот долг, рефинансирање на дел од достасаниот надворешен долг со внатрешен долг и продолжување на рочноста на веќе издадениот долг на Република Македонија.

Постојат и други ризици кои се наведени во стратегијата како што се: ликвидносниот ризик, кредитниот ризик, оперативниот ризик, ризик од порамнување и ризикот поврзан со потенцијалните обврски, кои се ризици на кои портфолиото на јавниот долг на Република Македонија е минимално изложен.

Министерството за финансии за потребите на утврдување на долгорочно оптимално должничко портфолио на Република Македонија при анализа на тековното портфолио на јавниот долг зема предвид неколку структури на должничкото портфилио и овозможи проценка на однесувањето на трошоците за сервисирање на долгот во услови на неколку различни макроекономски сценарија. Врз основа на ваквата анализа и врз основа на идентификуваните ризици на кои е изложен јавниот долг на Република Македонија, во стратегијата ги предлагаме следните квантитативни таргети:

Прво, лимитот (висината) на јавниот долг во однос на БДП во периодот од 2006 година до 2008 година да има тенденција на континуирано намалување и да се движи во рамките од 40,6% колку што беше до 37%на крајот од периодот. Согласно со јавниот долг, тука се вклучува долгот и на општините, јавните претпријатија, фондовите и државните агенции, а дел од нив не се ни буџетски. Во рамките на јавниот долг, долгот на централната влада во која спаѓаат само буџетските корисници, исто така, ќе има тенденција на намалување, движејќи се во рамките од 35% до 38% од БДП.

Второ, за разлика од лимитот на јавниот долг кој ќе се намалува, лимитите на издадените државни гаранции во периодот од 2006 година до 2008 година ќе имаат тренд на незначителен пораст и ќе се движат во рамките од 3,8% до 4,1% од БДП. Меѓутоа, политиката во однос на издавањето на нови државни гаранции во овој период ќе биде исто како и до сега, значително рестриктивна. Ова особено се однесува на државните гаранции по основ на домашното задолжување, за кои Владата во наредниот тригодишен период нема да издава никакви гаранции.

И, трето, од аспект на новите задолжувања вкупниот износ на новото задолжување во 2006 година се очекува да изнесува 180 милиони евра, од кои 49 милиони евра по основ на емисија на континуирани државни хартии од вредност, а остатокот од околу 131 милиони евра по основ на задолжување во странство. Во износот што е предвиден за надворешното задолжување 30 милиони евра ќе бидат по основ на новосклучени кредити, а останатите ќе бидат по основ на повлекување средства т.н. транши по договори кои се веќе склучени или ратификувани од страна на Собраниеот во претходните години.

Со цел остварување на овие три таргети, Министерството за финансии ќе биде насочено кон реализација на следните цели:

1. Намалување на големината на јавниот долг во однос на БДП. Заклучно со 2008 година, јавниот долг во однос на БДП е препорачливо да се сведе во рамките на 35-38% од БДП.

2. Постепено зголемување на долгот со фиксни каматни стапки, наспроти сегашните варијабилни. Во врска со ова, Министерството за финансии размислува за можноста делумно оваа цел да ја оствари преку предвремено рефинансирање на дел од досегашниот долг со флуктуирачка каматна стапка, преку задолжување во долг со фиксна каматна стапка. Исто така, при секое идно задолжување е потребно да даваме приоритет на фиксните каматни стапки во услови на ниски каматни стапки во моментот на меѓународниот па дури и домашниот пазар. Во периодот заклучно со 2008 година се препорачува од 70% до 80% од долгот да биде со фиксна каматна стапка.

3. Зголемување на долгот деноминиран во денари. Како што е наведено претходно, во моментот само 6% од вкупниот јавен долг е деноминиран во домашна валута во денари. Овој дел главно се однесува на континуираните краткорочни државни хартии од вредност, кои почнавме да ги издаваме од 2004 година за финансирање на трошоците кои произлегуваат од обврските за сервисирање на т.н. донашни структурни обврзници деноминирани во евра за старото девизно штедење и за денационализација најчесто. Ова укажува на голема изложеност на портфолиото на внатрешниот долг на ризикот од промена на девизниот курс на денарот. Затоа се јавува потреба од развој на домашниот пазар на државни хартии од вредност, кој подразбира и зголемена емисија на државни хартии од вредност во денари. На среден рок долгот деноминиран во денари е препорачливо постепено да се зголемува достигнуваји 15%-20% учество во вкупното должничко портфолио до крај на 2008 година наспроти сегашните 6%.

4. Зголемување на делот на долгот деноминиран во евра во структурата на долгот демоминиран во сите странски валути. Имајќи ја предвид структурата на извозот на Република Македонија во САД последните три години, што доведе до пад кај приходите деноминирани во долари од една страна и порастот на приходите деноминирани во евра во значителна мерка од друга страна, наша желба и таргет и мерките ќе ги насочиме кон тоа, е делот од долгот деноминиран во САД долари и други неевропски валути кои се 75% заклучно со 30 септември 2005 година, да се намалува перманентно, со изгледи да се доведе на околу 40% во 2008 година на крајот од оваа стратегија.

5. Зголемување на учеството на внатрешниот долг со истовремено намалување на надворешното задолжување. Делот на внатрешниот долг треба постепено да се зголемува, согласно со потребите на финансирање на јавните потреби вклучувајќи го и буџетот, пазарните услови, капацитетот и можностите на финансискиот систем во Република Македонија при што ќе се овозможи здрав развој на домашниот пазар на хартии од вредност, кој во иднина ќе претставува главна потпора на државата во политиката на задолжување и истовремено ќе се намали зависноста на финансирачката страна на буџетот од странските задолжувања и соодветните флуктуации на меѓународниот пазар на хартии од вредност и капитал.

6. Зголемување на делот на пазарните инструменти, со постепено намалување на заемите од официјалните кредитори. Кога зборуваме за официјални кредитори, зборуваме за кредитори кои се институционализирани, ММФ, Светска банка, Европска банка итн. Имајќи ја во предвид подобрената економска состојба во земјата и подобрувањата на нејзиниот кредитен рејтинг, ќе биде потребно и ќе се овозможи диверзификација на портфолиото на јавниот долг кој доколку поголемиот дел е во форма на хартии од вредност, се овозможува намалување на рефинансирачкиот ризик поради нивната ликвидност.

7. Ќе се продолжи рочноста на јавниот долг. Тоа е клучен параметар за обезбедување финансиска стабилност на Република Македонија. Продолжувањето на рочноста на јавниот долг потребно е да биде постепено, со конзервативна политика на задолжување и различни извори на финансирање, кои ќе помогнат во стабилизирањето во периоди на евентуални потенцијални економски потреси на меѓународниот или домашниот пазар.

8. Обезбедување профил на непречени отплати по јавниот долг. Трошоците за сервисирање на јавниот долг треба да бидат еднакво распоредени, како во текот на годината, така и во периодот на отплата на долговите по одделни години, за да се обезбеди намалување на трошоците за рефинансирање и избегнување на ризикот дека нивната нестабилност би можела да има дестабилизирачки ефект врз буџетот и јавните финансии на Република Македонија.

9. Искористување на можностите за предвремена отплата на јавниот долг онаму каде што е економски оправдано. Ова не го исклучуваме. Со цел да се постигнат и одржат претходните цели поврзани со создавање поповолна (рочна, каматна и валутна) структура, како и да се изедначи профилот на отплата на јавниот долг, Министертвото за финансии како можност ќе ги разгледа операциите на предвремен откуп и понуда за размена на дел од билатералните и комерцијалните кредити со пазарен (приватен) и мултилатерален долг. Една таква можност беше и откупот на долгот кон Лондонскиот клуб на кредитори каде што подетално изработените анализи утврдивме дека со ваквата операција би се оствариле повеќе позитивни ефекти врз должничкото портфолио на државата како што се:

- Реализирање на големи заштеди во Буџетот во наредните години;

- Одбегнување на одредени видови на пазарен ризик, особено ризик од промена на каматните стапки и ризик од промена на девизниот курс по кој беше Лондонскиот долг;

- Подобрување на профилот на должничкото портфолио на државата и

- Со замената на постоечкиот долг со пократок рок со еврообрврзниците, кои знаете дека се со рочност од 10 години, со што се продолжува рочноста на должничко портфолио на целата држава; и

- Замена на неликвиден долг, со кој не се тргува, со долг кој е ликвиден и атрактивен за инвеститорите и влијае врз подобрувањето на имиџот на Република Македонија пред меѓународните инвеститори.

Овие се само неколку предности и позитивни ефекти кои се оствариja со откупот на долгот кон Лондонскиот клуб на кредитори кој се случи на 11 јануари оваа година.

10. Рестриктивен пристап кон финансирање на јавните проекти со креирање на јавен долг или со издавање на државни гаранции.

Финансирањето на јавни проекти и издавањето на гаранции се категории на јавен долг кои, иако не се директна обврска на Буџетот, повлекуваат евентуални ризици и дополнителни трошоци за Буџетот во случај тие да се активираат.

Според тоа, идната државна политика поврзана со гаранциите и финансирањето на јавните проекти ќе биде насочено кон нивното намалување. Оваа политика ќе се реализира со минимизирање на интеермедијацијата на државниот и поттикнување на приватниот сектор за зголемување на неговото учество во финансирањето на јавните проекти т.н. партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор, концесија и слично.

За реализација на бројните цели и квантитативни таргети за кои зборувам или кои се во вашата стратегија, Министерството за финансии ги постави пред себе во наредниот период следните мерки кои ќе ги преземе:

Развој на примарниот пазар на државни хартии од вредност. Тука поконкретно ќе се вклучат воведување на систем на примарните дилери, воведување на неконкурентни понуди, емисија на дсржавни записи за монетарни цели, за кои, да ве известам дека веќе отпочнавме, денеска е втората емисија во висина од 1 милијарда денари за таа цел, воведување на подолгорочни инструменти атрактивни за институционалните инвеститори.

Понатаму, развој на секундарниот пазар на државни хартии од вредност и тоа преку преземање на следните чекори:

- зголемување на годишните нето емисии на државни хартии од вредност;

- воведување на државни хартии од вредност за монетарни цели;

- користење на репо трансакциите и репо операциите од страна на Народната банка на Македонија и на банките;

- овозможување на користење на репо и тргување преку шалтер за континуираните долгорочни државни хартии од вредност;

- следење на активностите на банките на пазарот на државни хартии од вредност и евентуален избор на поддржувачи на секундарниот пазар така наречени маркет мејкери и

- зголемување на транспарентноста на резултатите од тргувањето преку шалтер во Народната банка.

Водење активен дијалог со агенциите за изготвување на кредитен рејтинг.

Министерството за финансии ќе продолжи да остварува соработка со агенциите за изготвување на кредитен рејтинг.

Квалитетите како стабилни политички, социјални односи, транспарентност, редовност при размена на податоците, подобрување на макроекономското опкружување, состојбата со јавниот долг и друго се предуслови за натамошно подобрување на кредитниот рејтинг кој, како што знаете, секоја година го добиваме на повисоко ниво од претходната.

Привлекување инвеститори и диверзификација на инвестициската структура.

Поголемо учество на малите неинституционални инвеститори на аукциите на државните хартии од вредност ќе обезбеди стабилна и диверзифицирана инвестициска основа и ќе влијае поволно на каматните заштеди.

На крај, обезбедување на обединета евиденција на јавниот долг.

Министерството за финансии за оваа потреба ќе набави софтвер за целите на управување со јавниот долг, се разбира посовршен од сегашниот.

Предвидено е интегрирање на евиденција на внатрешниот и надворешниот долг во еден систем со цел создавање на сеопфатен регистар за јавниот долг во Република Македонија.

Пожитувани пратеници, Владата на Република Македонија и Министерството за финансии веруваме дека предложената стратегија за управување со јавен долг за периодот од 2006 до 2008 година дефинитивно ќе даде особено позитивни ефекти при водењето на политиката на јавните финансии во Република Македонија и од тие причини ви предлагам истата да ја усвоите.

Ви благодарам за вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, почитуван господине министер, почитувани колеги пратеници,

Темата на дневниот ред очигледно не спаѓа во сферата на ресорот на моите познавања стручни и професионални, меѓутоа, спаѓа во категорија на општ интерес на сите граѓани во Република Македонија.

Морам да кажам дека исцрпното излагање на министерот беше навистина добро, квалитетно, разбирливо, меѓутоа, во исто време и доста скромно.

Министерот кажа дека јавниот долг во Република Македонија во моментот изнесува некаде 41,6% или 41,8% или приближно 41% и од бруто домашниот производ и не знам, иако со една реченица се осврна зошто не кажа дека за разлика од 2002 година кога јавниот долг изнесуваше 46% е намален за цели 5%. Сметам дека тоа е мошне голем успех и на оваа Влада и на ова Собрание и на сите органи кои учествуваат во креирањето на оваа сфера од економскиот живот.

Исто така лично сметам дека министерот требаше да каже дека во овој момент Република Македонија е на долната граница од средно задолжените земји, како што ни кажа во извештајот за Буџетот во експозето, дека границата од 40% со тенденција во наредните три години се намали јавниот долг на ниво од 35 до 38% од бруто домашниот производ со што Република Македонија би преминала во категорија на ниско задолжени држави. Тоа е една работа што сакав да ја кажам.

Се предвидува дека до крајот на 2006 година нивото на задолженоста изнесува 39% од бруто домашниот производ при што надворешниот долг ќе биде 26% а внатрешниот 13%.

Стратегијата ја гледам како еден мошне сериозен документ и поконкретно, лично до министерот, би сакал дали во оваа стратегија, покрај сите оние мерки кои ни беа предочени во експозето се предвидени неколку нови работи. Едната од нив е многу актуелна, а тоа е дали во јавниот долг, сервисирање на јавниот долг ќе бидат предвидени средства кои ќе се земат од продажбата на ЕСМ - Дистрибуција?

Понатаму, дали Владата ги има предвид сите наши заложби за што побрзо европско интегрирање и дали на дневен ред на оваа Влада ќе биде поставено прашањето или се размислува за воведување на еврото како единствено платежно средство во Република Македонија.

Дали тоа ќе има влијание на јавниот долг?

Кога сме кај внатрешниот долг, како што разбрав од експозето, приоритет во 2006 година ќе биде развојот на пазарот на државни хартии од вредност преку зголемување на нивната рочност. Тоа е сосема во ред и тоа го поддржувам.

Сакам да кажам дека стратегијата е мошне сериозна и единствено што сметам дека и Министерството и Владата треба да предвидат таа стратегија да не биде од 2006 година до 2008 година, туку да продолжи до 2010 година, бидејќи апсолутно не се сомневам дека оваа Влада ќе продолжи и во следниот четиригодишен период, а бидејќи успеавме за 5% од 2002 година да го намалиме јавниот долг, навистина би сакал и тоа го посакувам јавниот долг и во иднина преку сите овие мерки кои беа предложени, а економистите сигурно ќе ја дополнат стратегијата, од нас како Собрание има максимална поддршка, значи би се заложил јавниот долг со уште побрзо темпо го намалиме на најниско можно ниво за Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине министре, саката збор или реплика?

**Никола Поповски:** Не, да дадам одговор на прашањето што ги постави пратеникот.

Кратко ќе биде, една минута само.

Прво, за рочноста на државните хартии од ведност. Во овој момент Министерството за финансии, за фискални цели, значи не структурни туку за фискални цели издава тромесечни, шестомесечни, годишни и двегодишни хартии од вредност. Оваа година според проекците ќе ја издадеме првата трогодишна хартија од вредност и ако се оди според плановите или подобро, со оглед дека од почетокот на овие хартии од вредност од јануари 2004 година, секогаш сме чекор понапред од планираното во позитивна смисла, не исклучувам можност до крајот на годината да издадеме и за оваа цел, првата петогодишна обврзница. Со тоа, што да кажам дека во декември 2005 ние веќе издадовме една обврзница петогодишна за случај кој дојде ад хок, за покривање на загубата на Народната банка. Меѓутоа, оваа година во редовните изданија можеме да имаме веќе и петогодишна, а трогодишна издаваме се како е во календарот зацртана.

Во врска со средствата од ЕСМ. Приватизационите приливи од ЕСМ сериозно ја зацврстија депозитната база на Буџетот и на Министерството за финансии, односно на Република Македонија и тие се само една дополнителна сериозна гаранција дека сервисирањето на јавниот долг во Република Македонија веќе не само што претставува проблем, туку можеме да го управуваме на начин кој нема да го загрозува, односно пренасочува огромни средства во иднина за тие цели, наместо за други цели кои со јавните финансии треба да се обезбедуваат.

И во врска со третото, за еврото во Република Македонија. Значи, долгорочна цел на Република Македонија е да стане членка на Европската унија, а после тоа да пристапи и кон ЕМУ, Европската монетарна унија. До исполнувањето на членството во Европската унија наша цел директна не е еврото, ќе останеме со денарот, Меѓутоа, сите подготовки за пристапување кон критериумите на Мастришкиот, мастришките критериуми за еврото, се нешто за што преку ноќ, или во текот на една година неможете да ги остварите и Република Македонија во овој момент сериозно се подготвува да ги исполни критериумите. Тие критериуми се, основните четири критериуми. Во овој момент Република Македонија три ги исполнува, уште едниот не е исполнте, да речеме тие четири се нивото на јавниот долг кој е под 60% од вкупниот јавен долг под 60% од бруто домашниот производ, како што

вие самите кажавте и пишува во Стратегијата.Тој сега е на нивото од 40%.

Понатаму, дефицитот на општата власт да е помал од 3%. Ние имаме дефицит кој е на границата помеѓу 0 и 1% годишно на општата Влада што значи и тој критериум е исполнет.

Третиот критериум е, да имаме не повеќе од еден процентен поен повисока инфлација од трите земји со најниска инфлација во Европската унија, со оглед дека нашата инфлација во годиниве се движи помеѓу 0 и 2%. Ние тој критериум ако нешто непредвидено не се случува го исполнуваме.

И третиот критериум е, истата методологија за каматните стапки. Значи на земјите со најниска инфлација, каматните стапки да не се поголеми од 2%. Во овој момент каматните стапки во Република Македонија се повисоки од 2% од просекот на овие држави. Но, за тоа ќе треба во иднина сеуште да работиме, односно да направиме неколку мерки на економската политика, кои се врзани со претходниве, вклучувајќи го подобрувањето на девизните резерви и други кои ќе овозможат каматните стапки да се спуштат на нивото кое ќе овозможи членство во ЕМУ.

Меѓутоа, господин Томиќ и почитувани пратеници, повторно ќе повторам дека ова е долгорочна цел на која неможеме да работиме на краток рок сега, меѓутоа, долгорочно работиме и се надеваме дека по влезот во Европската унија, во рок од неколку години после тоа ќе бидеме членки и на Евроската монетарна унија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господин Арсовски имате збор.

**Славе Арсовски:** Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Јас би сакал да се вклучам во расправата за стратегијата за управување на јавен долг од 2006 до 2008 година. Сепак, еве, еден битен документ кој за прв пат фактички расправа и Собранието на Република Македонија и го донесува и со тоа што фактички ја дава рамката на Министерството за финансии и Владата како во овој период од две години ќе се управува со јавниот долг во Република Македонија. Сепак една проблематика која што и директно и индиректно има влијание врз целокупните економско финансиски состојби во државата, не економските состојби туку врз целокупните општи состојби кои што се одвиваа во нашата држава.

И нешто колегата Томиќ спомна. Ова е среднорочна стратегија, така може да се рече. Сигурен сум дали се разбира на новиот Парламент ќе донесе и долгорочна стратегија за управување со јавниот долг во Република Македонија како проблем ова што претходно го истакна. Дефакто, често пати оваа тема или тематика се употребува, без разлика од кого повеќе, од олозицијата, јас сум бил сведок, често пати на матичната Комисија за финансирање и буџет нема почнување некогаш, некоја расправа по основ на некое задолжување, како што беше случајот и вчера донесовме една гаранција за задолжување на Република Македонија, каде што често пати се користи изреката, или често пати тоа е поради популистички побуди, па Република Македонија е презадолжена, многу задолжена и тн., и ако добро си ја разгледаме оваа стратегија што ни ја нуди Министерството за финансии, односно Владата на Република Македонија ќе видите дека сепак Република Македонија не е од тие земји што е презадолжена, односно многу задолжена. Може да се рече спаѓа во земјите со средно задолжена, со тенденција на намалување на тој долг.

Друго е прашањето, структурата на таа задолженост. Веќе друго е прашањето. Лично сметам дека таа структура можеби не е поволна имајќи ги реалните факти, бидејќи тоа задолжување највповеќе може да ви се направи по делот на санација на банките, посебно Стопанска банка, со старото девизно штедење, или по основ на селективни кредити. Камо среќа тоа задолжување да беше по основ на некои проекти кој што директно ќе придонесуваат на подобрување на економската состојба во нашата земја. Тоа е веќе друго прашање. Но да се каже дека е презадолжена, сметам дека нема место во такви некои расправи.

Апсолутно можам да констатирам, и ако сте ја погледале самата стратегија во првите делови дадена е една целосна слика на целокупната состојба на тој јавен долг и структура и рочност, и камати и по внатрешен јавен долг, надворешен јавен долг и тн. И не би сакал по тој основ да дискутирам би сакал да продискутирам за целите кои што се сакат да се постигнат во овој иден период, и мерките фактички со кои ќе се оствруваат истите цели кој што во дел, се разбира, ги поддржувам и како такви би придонеле во целокупно средување во целокупната таа економска финансиска состојба во нашата земја.

Ние, сакале или не сакале тенденција, она што претходно истакнав, е тенденција да се намалува тој долг на Република Македонија, надворешниот и внатрешниот долг. И, како што истакнавме во моментот некаде околу 40% од бруто општестениот производ, со тенденција уште некои намалувања. Но, апсолутно и тој долг, нов кој што ќе биде, пак мора да се води сметка за што ќе се задолжуваме. Навистина за што ќе се задолжуваме во тој иден период, за што ќе се употребуваат тие средства и дали тие директно, а се разбира директно ќе имаат импликација врз подобрување на целокупните економски перформанси во нашата земја. Значи, мора да се води сметка за задолжувањето во која сфера ќе биде. Не верувам веќе да имаме такви некои задолжувања по основ на она што се направи од 1995 година наваму,посебно во тој банкарски систем и таквите задолжувања да ги имаме, односно истите средства во суштина може

директно не придонесува во подобрување на економската состојба кај нас.

Второто прашање многу е битно. Прашањето за каматите, фиксни и променливи каматни стапки. Апсолутно поддржувам целиве кои што сакаат да се постигнат. Треба да се води сметка и сите задолжувања кои што се прават тој соодност на фиксни и променливи каматни стапки да се променува во полза на фиксните каматни стапки. Поголема е сигурноста од аспект на таа променливост на каматните стапки, да не дојдеме до некои ризици со зголемување на каматните стапки, бидејќи по тој основ на променливите каматни стапки, кој што би имало негативни импликации врз и самото рецензирање, односно финансирање, отплата на самите камати како главниот долг, така и самите камати кои што произлегуваат од самото задолжување. Значи тенденцијата што ја предлага Владата на Република Македонија, односно самото Министерство во делот на поголема застапеност со фиксни каматни стапки, апсолутно во оваа стратегија како цел мораме да ја поддржиме и јас лично сметам дека апсолутно е оправдана оваа цел што сака да се постигне.

Понатака, би сакал да истакнам нешто посебно во зголемување на долгот кој што ќе се однесува во денари. Во денари, бидејќи сегашното учество на долгот во денари, навистина е многу мал. Во тој правец апсолутно е за поздравување што побргу, тој веќе функционира пазарно на хартии од вредност, кој што профункционира и што повеќе тука преку издавањето на хартиите на вредност, тој долг веќе да не биде во странски валути, туку да бидат во денари.

Ова учество во денари кое што се предвидува сега во моментот ако е 6% вкупниот долг да се зголеми некаде од 15 до 20%. Би сакал да истакнам, сигурно разработена е самата цел која што сака да се постигне во делот на зголемување на долгот кој што е деноминиран во евра во однос на другите странски валути, а посебно во однос на доларот. Факт е дека имаме можеби таа економска соработка со земјите на Европската Унија е многу поголема. Во нашата држава по однос на соработката на нашите претпријатија од една страна, а од друга страна ние сме сведоци дека вредноста на доларот во однос на еврото или денарот драстично е намалена во овие последни две години. Значи, тој соодност на деноминирање на долгот од долари во евра како што е предвидено во самата стратегија навистина ние треба да го поддржиме и што повеќе тој соодност да се измени во корист на еврото. Тука истакнав, зголемувањето на учеството на внатрешниот долг со истовремено намалување на надворешните задолжувања, тука е во делот задолжувањата по основ на хартиите од вредност.

Би истакнал нешто по рочноста на јавниот долг. Секаде каде што имаме можност, рокот на отплата на долгот да биде со поголема рочност. Фактички тоа придонесува и оптеретувањето кое што би било за државата да се намали со зголемувањето на таа рочност. И секогаш задолжувањето е една од компонентите нашата држава кога би се одлучувала да се задолжи би била секако рочноста на тоа задолжување, рочноста што поголеми рокови на отплата на задолжувањата и со средствата кои што сакаме да ги употребиме. Секогаш таа рочност која што ни нуди поволности како такви задолжувања ние треба да ги прифаќаме.

Би истакнал нешто, ние кажавме колкав е долгот. Секаде каде што има можност оние долгови кои што настанале со лоши услови, условно земено, односно со високи камати, променливи камати, можноста за нивно предвремено отплатување како што е предвидено треба да го подржуваме. Министерот истакна и добро се направи со издавањето на Евро-обврзиниците со кои што Евро-обврзници беа со поповолни услови се отплати долгот спрема Лондонскиот клуб на кредитори. Фактички се постигна двојна цел. И мислам секаде ако има во таа структура на долгови кои што ги имаме спрема странските доверители, условно речено кои што се неповолни да се користат секогаш можностите за нивно предвремено отплаќање за да не плаќаме некои работи кои што неповолно би влијаеле во целокупната оваа состојба во делот на самиот долг.

Тука би истакнал нешто во однос на рестриктивниот пристап кон финансирање на јавни проекти со креирање на јавен долг, или со издавање на државни гаранции. Дали тука би требало да имаме рестриктивен пристап, дали ако е интерес на државата со финансирање соодветни проекти кои што директно, или индиректно ќе придонесуваат во зголемување на целокупната, подобрување на целокупната економска состојба во нашата земја, дали Владата, односно Министерството за финансии во нашата држава би имала рестриктивен пристап. Јас мислам во тој дел не би се сложил да имаме толку рестриктивен пристап имајќи ја во предвид целокупната економска состојба на одредени субјекти кои што би ги финансирале таквите проекти, без разлика дали тоа би биле јавни претпријатија, дали би биле фондови итн. Нас ни треба развој. Државата не треба да води рестриктивен пристап во тој дел за да оневозможи некои проекти кои што, како што истакнав директно, или индиректно би придонеле во подобрување на целокупната економска состојба. Значи, во тој дел мое мислење е дека рестриктивен пристап не треба да има. Треба да има пристап онаму каде што сметаме дека со истите проекти ќе се подобри целокупната таа состојба, државата треба да се јави и како гарант да издаде соодветни гаранции. Сепак, од искуството е покажано дека досега сите гаранции што ги има издавано државата во дел на јавните претпријатија, фондовите итн, истите тие гаранции, средствата истите си ги враќале. За да не дојде сега по основ на државата што не дава гаранции некои проекти кои што се од суштинско

значење за животот на граѓаните на оваа земја ние да имаме рестриктивен пристап и тој процент да се намали. Во тој дел мое мислење не смее да има, не смее да има некое ограничување . Сепак, треба да се води сметка и државата мора да се јави како гарант. Не треба по основ на некоја гаранција ние да изгубиме многу големи средства кои што средства би придонеле за подобрување на таа состојба во нашата земја. Значи, тука моето мислење апсолутно е во тој правец, иако во стратегијата е обратно замислено. Верувам дека ќе го имате во предвид, сепак овој пристап да биде полиберален, се разбира во однос на финансирањето на тие проекти. Сепак, би истакнал факт е дека тука државата мора да води сметка за тие ризици кои што би биле настанати. Но, од искуството се покажува и во самата стратегија досега  само тие гаранции некаде во едно претпријатие од Дебар и по основ на железниците кои што не ги вратиле, другите гаранции кои што се издавани претежно на претпријатијата со доминантна државна сопственост истите средства  навреме се враќале. Тоа е овој ризик што го истакна министерот, мислам добро е во Министерството за финансии конечно да се формира тој сектор за управување со јавен долг, не како досега што беше одделение и фактички да се води, во секое време да се знае колкав е долгот, колкави се ратите кои што треба да се враќаат, колкави се каматите, да не дојде некогаш во прашање од неажурност на самиот долг во некоја институција па да не се вратат некои средства кои што би требало да се вратат, па да се плаќаат соодветни затезни камати итн, значи во тој оперативен ризик мислам добро е што е предвидено на тој начин да се регулираат прашањата со управувањето на јавниот дел во Република Македонија . Се разбира дека ние како пратеничка група на СДСМ ја поддржуваме оваа стратегија за управување на јавниот долг, како што истакнав на почетокот верувам дека ќе се донесе и подолгорочна стратегија за управување на јавниот долг во Република Македонија за да не дојде до некои негативни импликации за самата држава доколку овој јавен долг на тој начин не го управуваме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за претресот по текстот на Предлогот на законот го заклучувам претресот .

Ги молам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

82 пратеника се потпишани да земат дневнци.

Гимолам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

81 пратеник се потпишани.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

10-те минути за кворум течат.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Господине Рафет, седнете на своето место, бидејќи вие сте 61-от.

Сега имаме 62 пратеника присутни во салата.

Предлогот на стратегијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника во салата, гласале 54 пратеници, 51 пратеник гласал за, 2 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Стратегијата за управување со јавен долг за период од 2006 до 2008 година.

**Преминуваме на 24-та точка - Предлог за донесување на закон за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собраниеот ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници во салата, гласале 55 пратеници, 55 пратеници гласале за, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собраниеот го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници во салата, гласале 50 пратеници, 49 пратеници гласале за, 1 воздржано и нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници во салата, гласале 55 пратеници, 55 пратеници гласале за, 3 воздржано и нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија.

**Преминуваме на 25-та точка - Предлог за донесување на закон за енергетика.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за економија, господинот Фатмир Бесими.

Повелете минситре.

**Фатмир Бесими:** Добар ден.

Дами и господа, почитувани пратеници,

Основниот предизвик на земјите кои претендираат да се вклучат во регионалните и меѓународнит еинтеграциони процеси е нивната спремност за реализација на реформите во сите области, меѓу кои и во областа на енергетиката.

Предлогот за донесување на закон произлегува од потребата за континуирано продолжување на започнатите активности на Владата за реформите во енергетскиот сектор. Постојниот Закон за енергетика е донесен во 1997 година со неколку измени кои се направени во 1999, 2000, 2002, 2003 и 2005 година. Со постојниот закон за енергетика се уредуваат условите и начинот на вршење на дејноста во областа на енергетиката, испорака на одделни видови енергија од енергетски системи, приклучување на енергетски системи со прибавување енергетска согласност, формирање фонд за енергетска ефикасност, формирање и функционирање на Регулаторната комисија за енергетика како независно тело, воспоставување и функционирање на пазарот на електрична енергија и пазарот на природен гас.

Со новиот закон за енергетика се воведуваат одредби со кои се уредуваат целите на енергетската политика и начинот на нејзината реализација, енергетските дејности и неачинот на регулирањето на енергетските дејности, изградбата на енергетските објекти и функционирањето на Регулаторната комисија за енергетика, воведување на пазарите на електрична енергија, природен гас, нафта и нафтени деривати, како и пазарот на топлинска односно геотермална енергија, услови за остварување на енергетската ефикасност и промоција и користење на обновливите извори.

Донесувањето нов закон за енергетика се предлага од следните причини: уредување на прашањата од целокупната област на енергетиката во единствен конзистентен закон, усогласување и хармонизациија на легислативата на Република Македонија со онаа на Европската унија и приближување кон критериумите и условите за стопанисување, определени со а ки комуните и создавање услови за интегрирање во Европската унија до степен на постигнување на полноправно членство во областа на енергетиката.

Овој закон кореспондира и со определбите на документите на Европската унија и тоа: Договор за енергетската повелба, меморандумите за разбирање и за формирање на регионални пазари за електрична енергија и природен гас и нивно приклучување кон внатрешните пазари на енергија на Европската унија, таканаречен Атински меморандум од 2002 и 2003 година и Договор за основање на енергетска заедница на Југоисточна Европа. Во овој закон се имплементираат и директивите на Европската унија од областа на енергетиката.

Исто така, користам прилика да ви укажам и на новините кои се предлагаат со овој закон. Тие се следните: елементи на водење на енергетска политика, изградба на енергетски објекти, начин на обезбедување и чување на стоковните резерви и на нафтени деривати, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија. Накратко да кажам за овие новини.

Енергетската политика ја разработува националната политика за енергетскиот сектор, која ја воспоставува Владата на Република Македонија со донесување на Развојната стратегија за енергетика, која се донесува за период од 10 години. По предлог на Министерството, Владата на Република Македонија донесува програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката и таа се донесува за период од 5 години.

Во овој дел се разработува и годишниот енергетски биланс на Република Македонија за наредната година, кој го донесува Владата на Република Македонија до крајот на тековната година. Во оваа глава се уредув аи начинот и регулирањето на активностите во секторот на енергетиката. Наредната новина е изградба на енергетски објекти. Тоа се однесува на усогласување со Директивата 2003 и 54 на Европската комисија, изградбата на производствените енергетски објекти може да се врши врз основ ана овластување и претходно обезбедени потребни концесии за користење на добрата од општ интерес. Овластување за изградба на објекти за производство на електрична енергија ќе издава министерот надлежен за работите од областа на енергетиката. Овластувањето за изградба на објекти за производство на топлиснка енергија издава градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје на барање на заинтересираните инвеститори. Овластувањето за изградба на нови објекти за производство на електрична и топлиснка енергија се издава врз основа на стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија, програмите за реализација на Стратегијата, глобалните стратегии и програми. Овластување за изградба на нови енергетски објекти е потребно за производство на електрична енергија над еден мегават моќност, освен за сопствени потреби и за комбинирано производство на електрична и топлиснка енергија над еден мегават моќност освен за сопствени потреби, за производство на топлина над еден мегават за централно греење, исто така, освен за сопствените потреби.

Ако се оцени дека се нарушува сигурноста на снабдувањето на долг рок, Министерството може да распише ајвен повик за изградба на нови капацитети за производство на електрична енергија. Постапката на јавниот повик и условите за учество на критериумите за избор се

спроведува согласно нашите закони за спроведување на овие постапки на транспарентен начин.

Изградбата на објекти за пренос на дистрибуција на електрична енергија ја вршат носителите на лиценци за пренос и дистрибуција на електрична енергија во согласност со обврските утврдени по лиценците, изградба на објекти за пренос на природен гас ја вршат носителите на лиценци напренос на природен гас во согласнсот со обврските утврдени во лиценцата. Потоа изградба на објекти за дистрибуција на природен гас, дистрибуција на топлинска енергија, дистрибуција на геотермална енергија ја вршат правни и физички лица кои се стекнале со концесија за изградба на дистрибутивна мрежа со природен гас, дистрибутивна мрежа за топлинска енергија и дистрибутивна мрежа за геотермална енергија. Концесиите ги дава општината однсоно градот Скопје согласно постапката на Законот за концесија.

Наредна новина е начинот на обезбедување и чување на стоковните резерви за нафтени деривати. Тука исто така станува збор за усогласвуање со Директивата 68414 и 98913 на Европската комисија.

Обрската за обезбедување и чување на стоковите резерви на нафтените деривати, се пренесува од обврска на државата во обврска на учесниците на пазарот на нафтени деривати и тоа претпријатијата кои учествуваат, увезуваат сурова нафта или полупроизводи од сурова нафта, како и трговците кои увезуваат нафтени деривати и се предвидува ова да се реализира со транзиционен период до 2013 односно 2014 година.

Владата на Република Македонија согласно законот ќе донесе уредба за чување, користење ,обновување и начин за финансирање на стоковните резерви за нафтени деривати, со кои поблиску ќе се уредат условите и постапката за начинот на чување, користење и обновување на стоковните резерви на нафтени деривати.

Наредна новина која се дава во овој Предлог закон е енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија. Политиката за унапредување на енергетската ефикасност и искористување на обновливите извори на енергија ја креира Владата на Република Македонија преку донесување на Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност и стратегија за искористување на обновливите извори на енергија, а за реализација на истите на предлог на Министерството Владата донесува програми за реализација на соодветните стратегии.

Активностите од областа на енергетската ефикасност се регулираат со подзаконски акти и тоа: правилник за енергетска ефикасност на нови градежни објекти, технички спецификации и стандарди за ефикасно искористување на фосилните горива, правилник за означување на енергетската ефикасност на уредите за домаќинствата, активности од областа на обновливите извори на енергија и тие се регулираат со правилник за искористување на обновливи извори на енергија. Значи ефекти кои произлегуваат од сите овие новини што се воведуваат со оовј нов закон за енергетика во Република Македонија, тоа се овие ефекти што очекуваме да се реализираат, сигурно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија, работењето на претпријатија во услови на конкурентни, безбедни и недискриминирачки пазари на енергија, подобрување на инвестиционата клима за изградба на нови енергетски капацитети, зголемување на енергетската ефикасност и поинтензивно вклучување на обновливите енергетски извори во енергетскиот биланс на државата, ослободување на буџетските средства од стоковните резерви и можност за нивно пренаменување во правец на економски развој на земјата, унапредување на нашите енергетски биланси и промовирање на нашите извори на енергија во Република Македонија, а исто така и имплементација на дел од духот што значи децентрализација во Република Македонија, во делот на концесионирање и правотона добрата од општ интерес.

Согласно овие укажувања во моето воведно излагање во врска со содржината на овој закон и потребата за донесување на ваков Предлог закон за енергетика, ве информирам исто така дека во меѓувреме, исто така од страна на Европската комисија, добиени се позитивни препораки и коментари за овој Предлог на текст и врз основа на сите овие укажувања, ги повикувам пратениците да гласаат за овој Предлог за донесување на закон за енергетика.

Ви благодарам за вниманието.

**Слободан Најдовски:** Благодрам господине министре.

Има збор, пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мвровски:** Благодарам господине потпретседател.

Почитуван министре, вашите последни реченици мислам дека нема пратеник во Собранието кој што не ја чувствува одговорноста и мислам дека времето во кое требаше да се донесе овој закон за енергетика можеби веќе е задоцнето, затоа што еден од предусловите за ова што се случи претходно сопродажбата на ЕСМ Дистрибуција, мислам дека и во вашата Стратегија, и во Инфорамцијата со која беа информирани пратениците и македонската јавност беше предвидено токму законот за енергетика да биде донесен со сите овие предуслови за кои говоревме до сега. Денес бидејки е прва фаза од законот пратениците ќе ги искажат своите забелешки, она што мислиме дека ќе го подобри тексто тна законо ти концептуално евентуално да се поправи. Мислам дкеа кај никого нема дилема дека овој закон треба да се донесе.

Уште на почетокот би сакал да кажам неколку работи вооднос на целиот закон и законски проект

кој го предвидувате. Според мене, за сето ова треба една широка расправа, односно да се вклучи комплетно експертската јавност, Универзитетот, Македонската академија на науките и уметностите, јавните претпријатија, акционерските друштва кои работат на оваа проблематика и единиците на локална самоуправа, затоа што еден добар дел од законот всушност ги тангира и нивните интереси. Тука е и интересот на градоначалниците со советите на општините токму тие да бидат оние иницијатори и да се најде заеднички настап на единиците на локалната самоуправа но и на централната власт да можат да се обезбедат тие средства, затоа што законот е само закон донесен на хартија, а реализацијата е она што е потреба на граѓаните. На овој начин понатаму ќе продискутираме по членовите од законот, мислам дек ане се обезбедува токму она основното, а тоа се средствата, не се најдува начин како тие средства да се изнајдат и граѓаните да бидат во ситуација да ги уживаат добрата што на некој начин им ги нуди законот.

Од друга страна, за мене круцијално е нешто што не се случи во овие 15 години, за жал, ќе повторам уште еднаш, без разлика колку министерот Поповски во синоќешната дискусија сакаше да објаснува некои работи, но мракот, ако продолжиме вака, е неизбежен и тоа не се мои зборови. Тие зборови доаѓаат и од сегашното раководство на електрани на Македонија и јас тука апсолутно ги подржувам, значи имаме исто мислење затоа што сме имале исти проблеми и сме работеле на истата проблематика која бара многу сериозност, која бара средства, бара начини и можности граѓаните на Република Македонија да добијат сигурен извор на електрична енергија. Зошто го говорам сето ова? Не направивме еден консензус меѓу сите политички партии во Македонија како парламентарни така и вонпарламентарни и да изградиме една стратегија не за наредните 10 годиникако што пишува во законот, затоа што 10 години во енергетиката се исто како една година од животот. Вие имавте 4 години можност, но за жал не направивте ништо. Ако се свртите зад вас нема ни еден енергетски објект, нема ни еден објект кој што понатаму ќе може да предвидува развој, кој што носи енергија и кој обезбедил одредени можности за натамошен развој на енергетскиот сектор. За жал, таква работа не се случи, а поминаа цели 4 години. Сега го имаме овој закон за кој кажувате ќе направиме стратегија за наредните 10 години.

Значи, јас ќе повторам уште еднаш, Република Македонија како држава во старт треба да дефинираме која е нашата стратегија, кое е тоа гориво на кое Република Македонија треба да посвети посебно внимание, дали е тоа јагленот кој го имаме и за кој во овој закон многу малку се говори, значи за рудното богатство и рудниците и како се третирани во Република Македонија во овој момент, а тоа треба да биде приоритетно, за мене, а воопшто не е така. Зошто го говорам ова? Затоа што, ако продолжиме со оваа ситуација после пет-шест години Република Македонија ќе дојде во ситуација комплетно енергетски да биде зависна. Таа зависност можевме да ја видиме во летните месеци што се случи и покрај тоа што Република Македонија имаше платено електрична енергија од увоз, ние дојдовме во ситуација таа електрична енергија да не може да биде донесена до Република Македонија, затоа што меѓусебните односи на Српското електростопанство и бугарскиот не биле средени, имале средства за докусурување и испаднавме ние тие што треба да бидат жртвата на тој нивен конфликт.

Мислам дека таквиот начин на функционирање и понатаму апсолутно Македонија ја носи во една аут ситуација и тука не смееме да дозволиме никаква таква ситуација и сега гледам со новите кредити кои ги обезбедуваме, одиме во ситуација да ги решаваме проблемите на нашите соседи и повторно, не знам по кој пат, се прилагодуваме на линијата север-југ, за разлика од она што беше исток-запад кое во 2002 година така бомбастично го најавивте и очекувавме дека далекуводот Штип-Република Бугарија до сега да биде готов, но од тоа нема ништо. Поминаа четири години, тогаш кажавте дека е предизборен маркетинг, но од Дуброво до Штип 400 киловолтен далекувод се направи така што за многу кратко време некаде во рок од шест месеци, а сега за четири години се немаше сила или се немаше волја и интерес, ништо од овој Коридор 8 да биде завршено или барем да биде започнато со правење. Таква ситуација апсолутно немаме.

Но, тоа не значи дека нас не ослободува обврската за производство на електрична енергија. Јас повторно ќе го кажам тоа што го знам и тоа што мислам дека треба да влезе во главата на Владата на оваа, наредна или било која друга, дека на Република Македонија и требаат производни капацитети. Јас кажав уште еднаш ние можеме да го имаме МЕПСО најсовремен, можеме да ги имаме сите дистрибутивни трафостаници, со овој капацитет што го имаме сега и увозот на електричната енергија кој треба да го направиме, технички ќе се доведеме во состојба да не можеме сето тоа да го сториме.

За да го направиме сето ова имаме само една единствена ситуација за која говорам некаде од 2003 година, тоа е формирање на министерство за енергетика. Значи, ова што во моментот функционира во Република Македонија апсолутно не ги задоволува потребите на она што значи енергетика, значи имаме еден сектор во Министерството за економија кој е задолжен, од колешката Борозан имаше еден предлог за формирање на агенција за енергетика, кој го повлече, сега како предлог на Владата е во ситуација да можеме да работиме на него, но јас останувам на тоа дека министерство за енергетика е неопходно за било што Република Македонија што ќе го прави понатаму да имаме место каде сите овие ситуации е доаѓаат и

местото каде ќе бараме и лоцираме одговорност. На овој начин само се замајуваме самите себе, си кажуваме работи за кои понатаму одговорноста на тие пет-шест луѓе во Министерството за економија апсолутно јас не го гледам затоа што знам колкав е тој капацитет, ние имавме јавни претпријатија, имавме акционерски друштва во кои постојат цели сектори за развој, но видовме до каде стигнавме и тоа не тера да направиме нешто сериозно затоа што без разлика кој како ја сфаќа оваа ситуација, јас ја сфаќам многу реално, ни песимистички, а најмалку песимистички, но ич оптимистички затоа што оваа ситуација кажува во моментот дека увезуваме 40% од електричната енергија, значи многу брзо ќе стигнеме и до таа бројка 50:50 што апсолутно не ни дава за право да се чувствуваме лагодно или да кажеме дека имаме ситуација од која многу лесно ќе излеземе.

Затоа, уште во законот мислам дека треба да се вгради нешто што ќе треба уште на старт како енергетски објекти да го добијат приоритетот без формирање на оваа стратегија која можеби ќе изгубиме повторно уште најмлку година-две, како што тоа беше со Просторниот план поради тоа што имаме политички амбиции, што имаме политички причини, па одделуваме цели регии, па ги ставаме и ги вадиме од тие планови, истото ќе биде и со стратегијата, значи на старт треба да решиме дека овој далекувод 400 киловолтен Штип-Червена-Могила мора да биде готов час поскоро, требаше да биде готов вчера, но еве да оставиме можност тоа да се направи во наредната година.

Понатаму далекуводот 400 киловолтно поврзување со Република Грција Битола-Кременица која е најреална можност за уште една сигурна врска на Република Македонија и размислување како таа врска понатаму ќе се одвива со Република Албанија затоа што во овој момент тие врски се катастрофални, така што нашата желба некогаш, доколку постои кај нас вишок на енергија која, за жал, кај нас ја нема, тешко ќе можеме да го реализираме.

Понатаму, гледајќи го енергетскиот пазар во моментот во Република Македонија имаме проблем со ова снабдување затоа што до сега, можеби се наоѓаа тие средства, пред години беше со замена и размена на енергија за летни и зимски услови, сега веќе имаме берза на енергија на која треба да се јавиме, на која треба да покажеме пари и да ја купиме таа енергија, но, за жал, ситуацијата во нашите простори се менува. Значи, многу скоро 2007 година Република Бугарија ќе остане без двата блока од Нуклеарната електрана Козлодуј кои беа извор на продажба и кои Република Македонија не ги користеше.

Понатаму испаѓа еден блок од Термоелектраната Богов Дол за кој понатаму треба да проговориме во нашиот закон и она што ние го потпишуваме како договори дали е тоа Атинскиот меморандум или Директивите на Европската унија во која ќе се доведеме во ситуација нашите термоелектрани кои во овој момент работат, кои се стари по 30 години или да ги репарираме или да бидеме во ситуација заради неможност за задоволување на емисијата и емисијата на гасови и она што значи честички од нив да дојдеме во ситуација истите да ги затвориме. За жал, таа е реалната ситуација, тука имаше едно барање на почетокот на овој наш парламентарен состав и бившиот министер за екологија кажа дека РЕК Битола ќе направи десулфуризација и тоа е најголемиот проект што оваа Влада го предвидува и дека тоа ќе биде реализирано. Поминаа четири години тоа од прашање почнуваше да се случува да се слуша екот и на крајот заврши така како што заврши, никако, затоа што и да направите некој објект, а уште побрзо можете проект, треба да знаете колку финансиски средства се потребни и што добиваме, а што губиме од таквиот проект. Ние тоа не го направивме, некој излезе тука со политички маркетинг или не знам што, но еве сега ќе треба сето тоа да го донесеме во ситуација да видиме што е реализирано, а што не.

Во однос на она што значи либерализација на пазарот, ние во тоа што го приложуваме како документи и во кои гледаме дека Република Македонија многу тешко ќе прифати она што значи либерализиран пазар во права смисла на зборот затоа што ние кажавме имаме производство од 60%. Што ќе се случи утре доколку се продадат некои производни капацитети и исто како ЕСМ-Дистрибуција ги земе некој приватник кој во овој момент со оваа цена на електричната енергија производна апсолутно ќе биде заинтересиран таа електрична енергија да ја продава на пазарот.

Ние носиме некое решение во овој закон за кој мораме да проговориме и да знаеме што ќе се случува понатаму затоа што законот се носи за една ситуација во која сигурно сме одговорни и кон нас и кон оние што доаѓаат, а најмногу кон нашите поколенија. Тоа сигурно дека нема да биде така со ова што ние го носиме, но, тоа е тоа и мислам дека од тука не можеме да избегаме, мораме да го направиме сето тоа.

Во овој момент Република Македонија мора да се пронајде себе си и да влезе во овие големи проекти кои се прават на овие наши балкански простори, тоа е нуклеарката ... каде веќе Република Бугарија добила некои кредити и гаранции за милијарда и 400 милиони евра, што за нас сигурно се многу големи пари, но од друга страна Република Македонија мора да изнајде начин, дали се ова средства од продажба, дали се средства од некои кредити и заеми, ние да бидеме тие што ќе учествуваат во обезбедување на определен дел од оваа моќност, но тоа ќе бидат 300-400 мегавати кои во еден момент можат да донесат една сигурност за Република Македонија и да ја имаме таа енергија затоа што начинот на кој понатаму ќе се развива нашето стопанство, мислам дека имаме проблем.

Гасната електрана во Скопје исто поминаа четири години ништо од сето тоа, сега имаме најава за

нова гасна електрана која би требало да биде завршена на крајот на 2007 година, сите овие требаше да бидат завршени на крајот на 2003, па крајот на 2004, па крајот на 2005, па крајот на 2006 и не знам кој е крајот затоа што почетокот уште не е ни започнат. Е, тука е нашиот проблем и дефинитивно ако ги имавме овие две електрани како што кажуваме термоелектрани едната со моќност од 210 мегавати и другата повторно со некоја моќност од 250, тоа е доволна количина Република Македонија само со еден таков блок половина од увозот да го намали. Значи, тие средства би останале во Република Македонија и би се инвестирало.

Од друга страна рудникот Брод-Неотино и покрај бомбастичните најави на тогашниот премиер Хари Костов дека ние го отвораме рудникот, за да се отвори тој рудник сите што се во делот на енергетиката знаат дека треба многу средства, дека треба многу време затоа што и самиот рудник со своите геолошки и хидролошки состојби во кои треба да се работи е специфичен и можеби ќе треба многу повеќе време од нормалното отворање на површински коп. Значи, тука имаме проблем и тој проблем ако во најскоро време не го решиме, ако државата не ги даде гаранциите и кредитот за рудникот Брод-Неотино, мислам дека тие машини во текот на ова лето треба да бидат веќе во Брод-Неотино, но ако тоа не се случи, тогаш ќе дојдеме и ќе ја донесеме државата во една многу сериозна ситуација во однос на енергетскиот потенцијал. Јас не би сакал да го предвидувам она што реално се случува во Република Албанија, но тоа се случува, тоа е факт и се додека не ни се случи ни не можеме да веруваме дека може, но да не даде Господ да се случи затоа треба да работиме интензивно на отворање на тој рудник слоевите кои многу брзо можат да се остварат и реализираат во рудникот Суводол, тука треба да се посвети големо внимание.

Понатаму, размислувања за она што значеше и што во старт го говоревме странски инвестиции кои ќе работат на хидроелектраните Чебрен кој е енергетски објект, за разлика од другите, кои ги правевме и кои ги направивме, кои се повеќе водостопански објекти отколку енергетски објекти, за жал, тоа е така, нивните средства вложени во нив ќе се вратат можеби по 40-50 години, за жал.

Но, тоа е таа ситуација која сега ја имаме, мислам дека многу брзо од сето ова ќе треба да излеземе.

Во оваа ситуација кога кажуваме и дел од ова се третира преку МЕПСО, преку Регулаторната комисија, само ќе потсетам дека ЕСМ ги подигна кредитите за "Козјак" 95 милиони на 18.11.2002 година. За подобрување на енергетскиот систем 31 милион евра на 20.05.1998 година, за проектот "Енергетика" на 12.09.1994 година се земени 25 милиони. За далекуводот Штип-Червена-Могила во 2004 година се земени 25 милиони евра. За претприватизација на ЕСМ се земени 45 милиони евра од ЕБОР во 2004 година, што ние како пратеници тука го усвоивме. Кога ќе ги собереме сите овие средства, доаѓаме до бројка од 225 милиони евра. Можеби случајно, но работите асоцираат на нешто што деновиве се случи за кое ќе проговориме понатаму, мислам дека ќе стигнеме, на денешната седница да говориме и за тој закон што беше продолжен, а претседателот на Парламентот и Владата не најдоа сила во една парламентарна расправа со факти и аргументи да ме убедат во она што ние како опозиција го баравме и како што кажав, затоа што и 2002 година многу тогашни пратеници на опозицијата сегашни министри или заменици министри во Владата или заменици претседатели на Владата кажуваат нешто друго, дека без разлика што и да се случи на полето на енергетика, тоа е сектор кој е од големо значење за граѓаните на Република Македонија, треба да имаме политички консензус.

Сега јавно ќе го прашам министерот дали го имаше политичкиот консензус во однос на она што се случи, мислам дека не, затоа што не го побаравте тој политички консензус, не седнавме да разговараме, тоа го кажуваме од 2003 година и првите можности кога се покажаа со преоразба и некои промени во ЕСМ кога се избркаа првите илјада вработени. Мислам дека тука не воспоствивме апсолутно никаков линк, не се воспостави линкот ниту со стручната јавност во Република Македонија, со експертската јавност која, без разлика на се, во сите дискусии стоеше на ставот дека мора да биде издржано тоа решение, мора да се најде решение кое Република Македонија ќе ја извади понапред, а не да стигнеме во ситуација да направиме уште еден приватен монопол кој мислам дека ќе има многу проблеми во натамошниот развој.

Зошто го говорам ова во оваа ситуација, затоа што овој монопол се детонира со одредбите на Предлог-законот за енергетика кој сега ќе го разгледуваме, које во јавна расправа да се издаде една единствена лиценца за оваа дејност на ниво на држава без можност никој друг ниту Македонец ниту странец да учествува, да влезе на овој терен. Тоа е страшното.

Не можам, а да прифатам вакво решение за иднината на моите деца и внуци, а профитот да се одлева надвор од Република Македонија.

Ние со ова што го направивте и со ова што денеска треба да го направиме како прв чекор ние тоа ќе го озваничиме и после тоа се е илузија дека нештата можат да се вратат назад на почеток или да најдеме ситуација во која и самите влегувате во една клопка или не вие, можеби наредната Влада или еве претпоставка, бидејќи се работи за 2015 година некоја наредна Влада во која можеби вие ќе бидете повторно, ќе дојде во ситуација да не може да ги исполни оние обврски кои сега ги потпишувате вие како Влада со Атинскиот меморандум и со уредбите на Европската унија.

Сигурно тие луѓе што се вклучени во оваа ситуација ги знаат работите многу подобро и од вас и од мене, но јас само можам да цитирам и да

кажувам работи кои во моментот вие ги презентирате пред пратениците и како такви ги имаме и јас ќе се обидам да ви објаснам каде ја гледам грешката на Владата и што би можеле да направиме за тоа да не се случи. Мислам дека на овој начин како што се заврши продажбата на ЕСМ-Дистрибуција, вие самите влегувате во сопствена клопка без да сте свесни, клопката многу скоро ќе ја видите, затоа што и со донесувањето на овој закон за енергетика ние се обврзуваме за нешто друго, тоа госпоѓата Борозан го знае и за истите работи се говореше на тие состаноци за Југоисточна Европа и мислам дека како држава треба да бидеме над ситуацијата и да најдеме начини како ова што значи закон за енергетика и она што значи директиви на Европската унија да ги прилагодиме токму на нашата ситуација.

За истите работи се говореше на тие состаноци за Југоисточна Европа и мислам дека како држава треба да бидеме над ситуацијата и да најдеме начини како ова што значи Закон за енергетика и она што значи директиви на Европската унија да ги прилагодиме токму на нашата ситуација, затоа што прифаќајќи се како што е и како што доаѓа, Република Македонија ќе биде во една крајно критична ситуација. Нешто што е за пофалба, мислам дека тоа се обновливите енергетски извори кои што на овој начин се реглираат и тука апсолутно имате максимална поддршка. Мислам дека за жал, Република Македонија во однос на другите држави низ Европа и светот оваа можност ја имаа многу помалку за разлика од нив, но тоа е тоа. Се надевам дека секој ќе си најде некој интерес, посебно во некои делови од Република Македонија каде што постојат такви природни услови каде што ние можеме да направиме енергија за разлика од она што го имаме како природно богатство, тоа се реките каде што можеме да го направиме и можеме да инвестираме. Но, во оваа ситуација каде што обновливите извори секако зависат од сончевите денови, зависат од должината на дување на ветерот колкава е неговата брзина и колку сето тоа може да се искористи во енергија и да биде вклучено во вкупниот енергетски систем кој што ние го предвидуваме.

Сега би сакал да проговорам малку во однос на она што го кажав, она што значи потпишување на некои обврски и договори што ги имаме кон Европската унија. Јас ќе се задржам на обврските кои Република Македонија со потпишување на догвороот ќе ги прифати во Секторот за електрична енергија и природен гас и што произлегуваат нашите обврски кон тој догвоор. Значи, примената на енергетските директиви во стопанството ќе стане обврска 12 месеци по стапување во сила на овој договор. Сега, се ова што го правиме, не знам, веќе тоа станува дел од нешто што веќе е направено и само ние треба да го прифатиме. Понатаму, ќе бидат забранети сите договори, одлуки и практика кои ја спречуваат, ограничуваат, или ја нарушуваат конкуренцијата кои овозможуваат за употреба на доминантна позиција на пазарот, или обезбедуваат државна помош која дава предност на одредени субјекти или производи на пазарот.Јас за ова говорев. Имаше и директно прашање до Владата на Република Македонија посебно до Секторот економија да се дадат сите договори на оние кои што користат електрична енергија во овој момент по повластена цена колкави се тие средства, дали ова ќе важи, или нема да важи, дали тие договори се прекинуваат и сето тоа некој ќе го плати, а ќе ги платат граѓаните на Република Македонија, затоа што социјалната категорија за која што се обидуваше некој да ни објаснува дека е така, апсолутно во овој момент е неприфатлива, затоа што секој што вложува нормално е да си ги побара своите средства назад и да добие профит. Ако тоа не се случи, значи или имаме несериозни партнери, или луѓе кои што не се разбираат во бизнисот, а луѓето велат дека се 100 години во овој бизнис, значи разбираат многу повеќе од нас и знаат зошто и како ги даваат парите и како ќе снимаат во таа ситуација.

И, точката 5 ќе се изградат и прифатат конкретни обврски за имплементација на соодветните директиви кои се однесуваат на заштитата на животната средина. Ова ви го говорев не случајно, затоа што моите информации се дека Бовов Дол и покрај тоа што најде купувач, значи истото може да се случи и со Неготино, или со било која наша термоцентрала и покрај пронаоѓањето на купувач заради неможноста или големите средства што треба да се вложат во заштита на природната средина,луѓето се откажаа од оваа ситуација и Бовов Дол ќе биде затворен, еден блок ќе биде затворен. Понатаму, имаме во заедничките пазари на електрична енергија прифаќање на обврската за отворање на слободниот пазар на електрична енергија и природен гас, квалификации на потрошувачите за слободен избор на сопствен снабдувач со следната динамика. За сите потрошувачи освен домаќинствата до 2008 година за сите потрошувачи вклучително и домаќинствата до 2015 година. Јас колку што знам лиценците се издаваат од 10 до 35 години и Дистрибуција бидејќи има само една лиценца во Република Македонија која што сега од АД ЕСМ Дистирбуција ќе премине на новиот газда, значи наредните 35 години од 2005 година станува 2040 година. Ние 2015 година треба да обезбедиме услов секое домаќинство да може да бира од кого ќе купува електрична енергија, кој ќе биде дистрибутерот кој што ќе ја носи таа електрична енергија до домаќинствата? Дали постои можност, министерот сигурно дека има некои поважни работи, нон-стоп говори на телефон. Но, во секој случај мислам дека ова е многу важно, затоа што ова е дел од тоа што тој треба да го работи и тука треба да биде многу одговорен. Но, во секој случај јас морам да кажам дека 2015 година овој услов нема да биде задоволен ниту под еден услов, освен ако вие во тој договор што ние не можеме да го видиме имате клаузули по кои што клаузули ќе можете да

кажете дека после 2015 година се менува овој статус. Таква работа мислам никој нема да ви прифати и не би прифатил. Но, од друга страна она што го направила Република Македонија за Законот за пазар на електрична енергија, сигурно дека овде ќе стои како известување од Владата. Јас ќе се обидам да го задржам интересот на моите колеги, затоа што ова е нешто за кое што еве, овој Закон што го носиме апсолутно не е со директивите на Европската унија. Значи, притоа единствен купувач на електрична енергија од производството на ЕСМ или од други извори кои што во моментот ги немаме за потребите на тарифните потрошувачи ќе биде компанијата за пренос МЕПСО која ќе има улога на регулиран јавен сервис и нема да се раководи од профитни интереси, туку профитот ќе го социјализира низ тарифата. Производствената компанија на ЕСМ ќе има обврска да ја испорача целокупната произведена енергија на МЕПСО и тоа по регулирани цени. Вишоците на енергија доколку ги има МЕПСО ќе може да ги понуди на слободниот пазар од каде ќе врши и покривање на кусоците на енергија. Од друга страна МЕПСО ќе дејствува како единствен набавувач на целокупната енергија која преку компанијата за дистрибуција ќе се испорачува на тарифните потрошувачи. Квалификуваните купувачи, оние кои не се врзани за тарифа се слободени сами да ја обезбедат енергијата на слободниот пазар, или да ги прифатат регулираните услови на МЕПСО. Еве уште една ситуација во која што МЕПСО и Република Македонија на овој начин апсолутно нема ништо од тоа што значи либерализација и апсолутно нема од тоа што тука говориме за директиви, начини, обврски и она што ви го кажав. Ако утре, а министерот кажа штом се заврШИ оваа приватизација веќе во текот на 2006 година, крајот, или почетокот на 2007 година почнува продажбата на објектите за производство на електрична енергија. И тука ќе дојдеме во една крајно конфликтна ситуација, конфликт на интереси кои што се надевам дека не е предлогот на овој закон, туку кажувавме дека прво, струјата не е социјална категорија, после струјата стана социјална категорија и сега повторно нема да биде социјална категорија, затоа што мене не ми е јасно, од август месец 2005 година сега сме март месец 2006 година имаше 10 најави од Регулаторната комисија за промени на електричната енергија цената да се зголеми но таква работа не се случи. Јас знам дека доаѓаат избори но ќе биде многу лошо вкупното покачување кое што досега реално требаше да ги следи овие обврски на производните капацитети и тоа што значи Дистрибуција, еден ден да се руши све на товарот на новиот газда, кој што сакал или несакал ова ќе го покачи и тука апсолутно нема да имаме дилеми, но, сега Владата на Република Македонија и оние што го дале ЕСМ нема да бидат тие кои што се криви туку ќе се случи нешто друго, дека тоа е поради цената во нашите околни држави, дека тоа е начинот на кој што апсолутно мора така да се дефинираат работите и целата вина ќе ја префрлиме на него. Ќе очекуваме тој да инвестира, како што кажав, 90 милиони, а кажав дека задолжувањето е 220 милиони што од тие 90 милиони? Каде ќе ги инвстира, ќе знае тој, затоа што имаме ситуација во која што не се дефинирани работите и не сме следеле ниеден пример за кој што треба да говориме. Луѓето продаваат, но продаваат дистрибутивна мрежа 10 киловолти. Ние продадовме 110 киловолти трафостаници, значи, трансформација на електричната енергија и тука ќе имаме апсолутно голем проблем кој што не ќе можеме баш така лесно да го решиме.

Во однос на она што значи закон, мислам дека имам конкретни забелешки. Значи, би почнал од членот 4 во кој што се говори: дејностите од член 3 на овој закон можат да ги вршат домашни и странски правни лица врз основа на лиценци под услвоите и на начин определен со овој закон. И тука не би било ништо спорно како што е ова напишано, тогаш членот 6 според мене, не би требало да постои, затоа што во став 1 од членот 6 се говори: за вршење на дејности од член 5 на овој закон може да се основаат јавни претпријатија. Јавните претпријатија за вршење на дејностите од член 5 точки 1,2,3,5,10,9, основа Владата на Република Македонија значИ, и понатаму општините на градот Скопје. Ако ова стои во членот 4 дека можат да ги вршат врз основа на лиценца и домашни и странски правни лица, апсолутно е непотребно ова другото да го кажуваме, затоа што јавни претпријатија да формираме и понатаму, мислам дека апсолутно не одиме во насока во која што треба да го приватизираме и за кое ше сите заеднички се сложивме дека тоа треба да се случи. Но, на овој начин тоа не се случува.

Во членот 8 каде што дојдовме во една ситуација да расправаме за нешто, ставот 1 алинеја 4. Јас уште нешто ќе кажам, дека вакви зборови во законот мислам дека треба да се избегнуваат, затоа што законот треба да носи некои прецизни и точни информации, а не ова како што вака стои: ефикасно обезбедување на услуги за потрошувачите со најниска разумна цена. За таа разумна цена дискутиравме. Јас не знам што е тоа разумна цена, затоа што за едното што е разум, за другите е неразум, или неразбирање. И понатаму во алинеја 2, создавање на транспарентни, атрактивни и стабилни услови за конкурентен и економски функционален енергетски сектор. Транспарентни и стабилни во ред, ама атрактивни, мислам дека не држи во овој закон каде што говориме за техника. Атрактивно може да биде нешто друго. Во овој случај не е за таква работа. И уште еден предлог, повторно Агенцијата за енергетика националната политика за енергетика се утврдува со развојната стратегија за енергетика и програмата за спроведување на стратегијата. Мислам дека тука мора да стои Министерство за енергетика кое што Владата ќе мора да размисли да го формира. Понатаму, членот 9 став 3, долгорочни цели за развој на поедини енергетски дејности и

приоритети на развој. Мислам дека тоа требаше досега да го дефинираме, да знаеме, она што говорев што е наша стратегија, гас, јаглен, или мазут. Стратегијата за развој на енергетиката се донесува за период од најмалку 10 години. Уште еднаш ќе кажам, во овој момент ние за просторниот план говоревме три години додека го донесеме и повторно имаме проблеми во таа реализација. Некој го сфаќа сериозно, некој апсолутно не се повикува на него. Кажав, оваа стратегија мора да биде градена за најмалку 50 години, затоа што ситуацијата како што рече министерот вчера, еве 4 години не се случи мрак и тие се задоволни. Но, теоријата: после мене потоп, е многу лоша теорија, затоа што и 1998 година некој наследи само 200 илјади тони јаглен за 10 дена работа на рудниците, оствари 12 милиони и сега сме пак во истата ситуација. Затоа што ние сепак сме стручни лица, луѓе кои што работат на таа проблематика и знаат што значи тоа и знаат што треба да се остави после 4, 10 или 20 години и на каде треба да се движи Република Македонија. Понатаму, членот 11 каде што се говори за локалната самоуправа, снабдување и дистрибуција на природен гас, управување со системот. Мислам дека во оваа фаза единиците на локална самоуправа се наоѓаат во една крајно лоша ситуација, затоа што ние како држава допрва треба да ги најдеме средствата и начините како единиците на локалната самоуправа да бидат власт, да функционираат, затоа што во овој момент она што им е доделено како ингеренции е премногу. Тие немаат да обезбедат дрва за греење на училиштата, ние сега им даваме можност да бидат дистрибутери на природен гас. Тој проблем го дискутиравме, како таков може да стои во законот. Но, во овој момент тоа е една голема илузија, затоа што во овој момент да ископате вие градови во Република Македонија за да ги поставите тие цевки за дистрибуција, тоа е нешто што мислам ниеден градоначалник, ниедна сериозна општина нема да го направи, затоа што такви средства нема. Ние гледаме што се случува по градовите, не можеме дупките да ги закопаме, а не да отвориме и да носиме дистрибуција на гас. Мислам таква ситуација е исклучена.

Во членот 13 став 5 Министерството ја следи реализацијата на енергетскиот биланс и во случај на непредвиден недостиг на енергија по потреба предлага мерки на Владата на Република Македонија со кои се обезбедува неговата реализација. Мислам дека ова треба да го дефинираме многу поинаку. Кажав, значи ние година однапред треба да знаеме на берзата колку енергија има, колку енергија и треба на Република Македонија и тоа да го реализираме. Затоа што во моментот, ако кажеме дека ние немаме електрична енергија, Владата може да обезбеди средства, затоа што сите знаат колку чини она што во моментот интервентно треба да го внесете на цената на таа енергија која сигурно е многу поголема за разлика од цената на она што значи енергија која што треба да ја увеземе. Понатаму, членот 25 став 4, тука има една нелогичност во овој цел член, тоа го видовме и во формирањето на Регулаторната комисија каде што стои да биде експерт во енергетскиот сектор што се потврдува со најмалку 10 години работно искуство во последните 15 години во технички, правни и финансиски, советодавни, економски или академски институции од енергетскиот сектор. И повторно ќе дојдеме до двајца, или најмногу тројца луѓе кои што се занимаваат со проблемот енергетика. Другите се правници, економисти, финансиери, некои од нив како експерти, а имале и возачки дозволи "Б" категорија и ние тука ги назначивме како експерти и еве, прифатено е од таа Регулаторна комисија како што кажувате е независна, според вас, според мене апсолутно не, затоа што гледаме какви одлуки се носат и кој ги носи одлуките. Значи, со интервенција на премиерот струјата нема да се покачи, или ќе се покачи и некој ќе им каже за колку па сега ќе се водат судски процеси колку треба да добие Топлификација, или да не добие, колкаво треба да е покачувањето, или не треба да биде и цело време водиме некоја расправа на луѓе кои што не се разбираат. Понатаму, во членот 25 имаме два става кои што се апсолутно во колизија еден со друг. Мислам или едниот не треба да го има, или пак другиот не треба да го има.

За што се работи? Говориме, освен со академски функции во високообразовна институција членството во Регулаторната комисија е неспојливо со извршување на секаква друга јавна функција, работно место или функција во политичка партија. Веднаш после него ставот говори: "повеќе од два члена на Регулаторната комисија не може да бидат членови на иста политичка партија". Е, сега, или се членови или не се членови на политичка партија тоа треба да го разјасниме, или овој став последниов што го прочитав или треба да отпадне а мислам дека мора да отпадне затоа што на овој начин едното со другото апсолутно е во колизија и не соодветствува.

Понатаму членот 30. Ова го имате и во членот 27 во ставот 1 алинеја 2: "да не се раководат од свои политички уверувања" - мислам дека и ова треба да го елиминираме затоа што таму треба да поставиме луѓе кои што се стручни и кои што ќе си ја бркаат својата работа.

Понатаму една спорна одредба, членот 28 во ставот 3, каде стои: "во период од една година од денот на престанокот на мандатот на членот на Регулаторната комисија не му е дозволено стекнување на акции или удели или вработување во друштво кое се стекнало со лиценца за време на неговиот мандат како член на Регулаторната комисија". Е сега вие говорите за една година, таа лиценца се издава за рок од 30 години. Сега дали тука треба да го ограничиме лицето кое што работело во Регулаторната комисија воопшто да нема акции во она што дал лиценца затоа што тие лиценци сега издадени повеќе не ќе може никој да

ги добие затоа што и се дефинирани во законот, имаме по една за дистрибуција, една за пренос и се е по едно, така да тука ќе се јави еден голем проблем. Значи овие луѓе ги елиминираме директно од она што можеби ќе си го побараат своето право на суд.

Понатаму членот 33 став 8: "на членовите на Комисијата за жалби им следува месечен надомест за извршената работа кој го определува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија". И тука треба да дефинирате дали е тоа паушал, дали е тоа во однос на плаќањата кои што го имаат избраните лица и колку пати оваа комисија во текот на една година ќе се состанува. Мислам тоа се дефинициите по кои што вие треба да определите колку некој финансиски ќе биде обештетен.

Во членот 34 став 1: "избори на средства обезбедени преку наплата за издавање лиценци". Информацијата дека тие лиценци се со вредност од 500 евра, јас уште еднаш ќе кажам дека тоа се минимални средства за лиценци кои што се добиваат на користење на 30 години за бизниси кои што вредат годината по 400 милиони долари или евра, а за производството и многу повеќе. Мислам дека тие 500 евра за еден дуќан да се отвора ќе бидат повеќе отколку што тука ги има предвидено. Значи во овој член треба да се предвиди нешто ново и да се каже дека тој е нешто повеќе од ова што е тука предвидено.

Понатаму членот 54 каде што снабдувачот со електрична енергија, ова што го говорев пред малку дека е обврзан и кон големите тарифни потрошувачи и кон малите тарифни потрошувачи и тука сега ќе дојдеме во една ситуација каде што ќе видиме дека и операторот и снабдувачот му даваме и премногу задолженија што тие реално не можат да ги реализираат. И затоа треба да бидеме свесни дека мораме да најдеме начин да формираме нешто што мораме да знаеме дека таа ситуација ќе ја реши само некое Министерство за енергетика кое што ќе го има планот и програмата по кој што треба да функционира.

Во однос на членот 55 каде што се говори за дистрибуцијата мислам дека еве тука имате предвидено до Регулаторната комисија да поднесе петтогодишен план, јас не знам дали тоа е направено од АД ЕСМ - Дистрибуција или од новиот газда и дали тој има таков план во наредните пет години или ќе оставиме тоа што новиот газда размислува дека е негов интерес, дека тоа треба да го прави, дали ќе го направи или не, ќе можеме само да видиме. Снабдувачот со електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало е должен да го откупи целокупното разположиво производство на електрична енергија и раните производители на електрична енергија од обновливи извори по цени одобрени и објавени од Регулаторната комисија. Значи прво треба да направиме обновливи извори за да говориме за сето ова и сега ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, бидејќи подолго ќе зборувате, сега би сакал да ги поздравам гостите кои се од Големото Војводство Луксембург, делегација на Комисијата за надворешни и европски прашања за одбрана, соработка и миграција на претставничкиот дом на Луксембургшкиот парламент, предводена од нејзиниот претседател господинот Бен Фајо и да им посакаме пријатен и успешен престој во Република Македонија.

(Гостите стануваат и следи аплауз во салата)

Се надевам дека ќе уживаат во работата на нашата седница.

**Спиро Мавровски:** Благодарам.

Тие немаат проблеми колку нас, но тоа што е наше треба да го кажеме. Тие си имаат други проблеми.

Јас би продолжил со членот 57, каде што има една интересна ситуација, која не знам дали има поддршка од Уставниот суд или тоа ќе падне. Снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало има право на пристап на секој имот или објект до броилото заради контрола, вградување, надзор, промена и замена на броилото, пристап во секој имот или објект до броилото заради исклучување на испораката на електрична енергија во случај кога сопственикот или станарот направи прекршок од овој закон или не извршил плаќање за електрична енергија во согласност со обврските, договорот за снабдување и роковите и условите за давање услуги. Мислам дека на овој начин Уставот е повреден, затоа што законот за влез на приватен имот сигурно кажува нешто друго. На овој начин оние што се наплатувачи ќе ги направиме да бидат полицајци или без судско решение секој да може да влезе затоа што тие броила се наоѓаат во внатрешноста на куќите. Јас не знам како тоа ќе може да биде реализирано, ќе се случуваат сигурно многу повеќе инциденти од овие што во моментов се случуваа и тука ќе имаме еден проблем кој го видовме, пред наплатувачите да одат возила на УНПРОФОР или полиција и повторно да не бидат во можност сето тоа да го реализираат.

Понатаму членот 94 вели дека енергетската согласност престанува да важи доколку во рок од две години од денот на нејзиното издавање не се почне со изградбата на објект. Јас сега имам еден предлог, ова е само за почетокот на изградбата, но вие немате дефинирано за колку време тој објект треба да се заврши. Ние можеме да го почнеме објектот и да не го завршиме никогаш. За тоа добиваме енергетска согласност и таква ситуација немате предвидено. Тука мора да се предвиди бидејќи се работи за енергетски објекти кои сигурно во тој енергетски план, петгодишен, десетгодишен или педесет годишен, уште со самото давање на енергетската дозвола ние ќе ги планираме тие мегавати во производството во Република Македонија и мораме да знаеме колкаво е времето во кое тоа ќе се реализира.

Во членот 96, да повторам уште еднаш за тоа што се јавуваше сомнеж и кај експертите и кај јавноста, во ставот 1 алинеја 4 се вели: "Во Република Македонија може да се издаде само една лиценца", повторувам, една лиценца, за алинеја 4 - Дистрибуција на електрична енергија. Тука приказната завршува, кој како ќе сака, кој како ќе ја види, но во секој случај толку.

Би имал уште една забелешка на жленот 122, каде што мислев дека ќе се поведе многу повеќе сметка за заштита на енергетските објекти, уреди и постројки на енергетскиот простор. Тука имаме една ситуација во која дефинираме со 4 или 5 члена што од тоа е потребно за енергетските објекти и заштитата. Значи "не е дозволена изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрва на земјиштетот под, над и покрај енергетски објект, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесувањето и дистрибуцијата на енергијата или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот, освен во случаи определени во овој закон". Јас тука очекував, како што е во Законот за животна средина да ги поставите вредностите што ќе треба, без разлика кој е газда, сега е државата, утре можеби ќе биде некој приватен сопственик, што треба тој да обезбеди за граѓаните кои се загрозени со она што значи зрачење на честички на емисија и мисија на гасови, загадување на околната средина, кои се неговите обврски кон месното население, кон територијата, кон она што значи после тоа средување на она што било рудник, без оглед дали е површински или подземен, без разлика на се, тука требаше да ги предвидиме сите форми и тоа да влезе во законска обврска на оној што го поседува рудникот или термоелектраната и друг енергетски објект, за да го доведе во иста ситуација во која бил претходно, затоа што тука се прави една огромна промена на тој простор и во однос на клима и во однос на она што значело претходно работење на околните мештани кои се наоѓале тука, чии што имоти се затрупани или воопшто ги нема и нивните куќи. Тие проблеми после со експропријацијата се појавуваат, прават проблеми и на државата и на евентуалните сопственици на овие објекти. Очекував дека тоа ќе биде разгледувано и разработувано во една цела глава каде што ќе се обезбедат вакви услови, но еве, ова е прва фаза, мислам дека експертската јавност и луѓето и единиците на локалната самоуправа ќе го кажат своето мислење по овој закон. Се надевам дека при второто читање ќе имаме еден многу подобар закон, на кој се надевам дека ќе има што помалку амандмани и со тоа ќе се задоволат барањата. Затоа, уште еднаш ќе го повикам министерот, можеби сега е доцна, меѓутоа, за енергетиката никогаш не е доцна да се направи тој линк со политичките партии, со политичките противници, да најдеме заедничка стратегија во која без разлика кој е Влада а кој е опозиција, деловите што значат енергетика да имаат своја реализација. Тоа од срце го посакувам и мислам дека е она што можеме да им го понудиме на граѓаните на Република Македонија, да имаат чиста ситуација, да не можат во последен момент да очекуваат која влада што и колку ќе направи со своите експерти или квази експерти. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали меѓу пријавените има некој кој е пријавен за реплика? (Нема).

Господине Китаноски, имате збор, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам.

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитуван министре,

Ќе се обидам накратко да ги искажам нашите забелешки и мислењето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ околу Законот за енергетика.

На почетокот би сакал да искажам една генерална забелешка која провејува и која сите ја чувствуваат како еден недостаток, а тоа е, прво, доцнењето на расправата или донесувањето на првата фаза од овој закон во однос на останатиот дел од реформите во енергетскиот систем, односно веќе имаме завршена продажба на дел од ЕСМ, односно ЕСМ - Дистрибуција, а сеуште во прва фаза не сме го донеле законот за енергетика, кој покрај другото ја третира и таа проблематика. Значи веќе имаме ситуација каде што во иднина ќе имаме приватен монопол во дистрибутивниот сектор, монопол кој што многу потешко од сите останати монополи кои постојат во Република Македонија се разбива од објективни причини. Тука не можете или многу тешко можете да воведете втор или трет оператор затоа што инфраструктурата која е неопходна за тоа е огромна и едноставно е неспојливо или непојмливо, барем не во еден нормален период и со релативни инвестиции евентуално да се овозможи конкуренција. Во дистрибуцијата дефинитивно немаме конкуренција, имаме монопол, до сега тој беше државен, од сега ќе биде приватен. Тоа што Регулаторната комисија и сите останати тела, кои и со досегашните законски прописи но и со донесувањето на Законот за енергетика имаат и ќе имаат некакви надлежности, тоа е помалку битно во смисла на конкретно делување во смисла на конкретно делување на ограничувањето на буквално природниот монопол што ќе го има ЕСМ - Дистрибуција, сега како приватен монопол.

Инаку генерално, освен оваа забелешка дека се доцни, сега причините може Владата како предлагач да ги лоцира во Собранието, јас сум само пратеник во Собранието и од опозицијата, можеби законот беше на дневен ред пред два месеци, но не дојде на ред, продолженијата не беа закажувани, така што дури сега после два месеци од првото заседавање по 120-тата седница на Собранието имаме продолжување. Уште еднаш генералната забелешка е што доцна се појавува законот кој треба да ги овозможи правилата и да обезбеди почеток на либерализацијата на пазарот во енергетиката.

Имајќи го предвид процесот на реструктуирање на енергетскиот сектор, кој треба да биде потполно во согласност со преземените обврски и од Атинскиот меморандум и со директивите на Европската комисија, министерот во искажувањето кажа дека има позитивно мислење веројатно на целиот концепт на законот, сепак, може да се констатираат поголем број на нелогичности, неусогласености и спротивставености со предложениот закон за енергетика. Накратко некои од нив како круцијални за идното функционирање на енергетскиот сектор и за запазување пред се на пазарните принципи, кои се едни од суштинските препораки во европските директиви, ќе се обидам да ги предочам тука.

Прво, од самиот предложен модел за кој со читањето на законот добиваме впечаток, не се добива впечаток дека се поттикнува конкуренцијата, туку дека таа на некој начин дури се задушува.

Втората забелешка е дека со решенијата што се предвидени во оваа фаза на законот не се запазува сигурноста и стабилноста на функционирањето на енергетските системи и не е јасно како, а би требало тоа да биде намера, покрај другите цели, на овој закон, значи не е јасно како може и како ќе предизвика намалување на цените, односно како ќе ја подобри услугата кон потрошувачите. На самиот закон како концепт тоа не му е примерна работа, меѓутоа, една од целите што треба да се постигне е и подобрување на услугите и намалување на цените, она што граѓаните најмногу ги интересира како крајни корисници. По наше мислење, главниот недостаток на овој закон е што во него доминира моделот "Сингл Баен", кој што се однесува на еден купувач, кој што генерално носи низа недостатоци и тоа, прво, регулираниот потрошувач, што во случајот е АД ЕЛЕМ во државна сопственост, ја игра улогата на пасивен производител на електрична енергија, односно целата електрична енергија што ја произведува мора да ја пласира на МЕПСО по регулирана цена, каде што нема влијание на испораката на видот на енергијата на базна или вршна.

Втората забелешка во истиот контекст е дека управувањето практично на електраните се врши од диспечерскиот центар во МЕПСО и многу помалку тука може да се води сметка за времињата на пуштање и начинот на водење на екраните од аспект на нивна економска исплатливост на производителите на електрична енергија на електраните. Понатаму, бидејќи не може да испорачува енергија во државата директно со квалификуваните потрошачи како и надвор од државата, за да го зголемува профитот како и секоја компанија, се ограничува, па дури и се елиминира можноста за развој на компанијата бидејќи ја нема потребата за стратешко планирање и за техничко менаџирање на компанијата. Потоа, со решенијата што тука се нудат практично улогата на трговците со елелктрична енегрија во државата е елеминирана, бидејќи како независни трговци тие можат да продаваат на тарифните потрошувачи и да учествуваат на тендер за набавка на струја и како купци и како потрошувачи и како продавачи. Значи, на тендерот што за набавка што го објавува МЕПСО, бидејќи со регулираните потрошувачи тргува само МЕПСО. Сега можеби е тоа идеата,целта итн, на законот, меѓутоа тоа не е во согласно со пазарната логика, со пазарните принципи и со конкурентноста. Значи, овие забелешки водат кон еден заклучок дека духот на либерализација со овој закон не е запазен. Ќе доведе до повторно создавање на монопол каде што негативните реперкусии од флуктуацијата на цената на електричната енергија на крајот сепак директно ќе ја плаќаат граѓаните и само граѓаните на Република Македонија.

Бидејќи е прва фаза доста се суштински овие забелешки што ги кажав, сметаме дека треба барем најголем дел од нив да бидат вградени или некои решенија од нив во втората фаза кога ќе го добиеме текстот на Предлог на законот или евентуално да се преработи целиот концепт од што ќе зависи нашата подршка на овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине министре, имате нешто да додадете.

Реплика или збор?

**Фатмир Бесими:** Благодарам, претседателе,

Јас чуствувам потреба да се јавам за збор да дообјаснам некои работи кои беа кажани тука. Посебно од аспект на тоа дека законот доцни, веќе темите кои се однесуваат за регулирање на пазарот на електрична енергија и на природен гас, со амандманите кои предоцна беа дадени на постојниот закон, веќе се регулира тоа согласно моделот кој ние сме го прифатиле.

Исто така во однос на тоа "сингл-бај" каде што се спомнува, односно е единствен купувач, односно МЕПСО, значи единствената компанија во државна сопственост кој се бави со пренос на електрична енергија и од овој аспект концептот се запазува и концепт кој ние го применуваме при реформирање на нашиот електоренергетски пазар од претходниот каде што имавме една интегрирана компанија на тоа што значи поделба на пренос, производство, дистрибуција, трговија. Тука овој систем обезбедува, тоа што се вика сигурност и стабилност на обезбедување со електрична енергија на нашиот систем и МЕПСО смета дека тоа може да го направи на најсоодветен нечин, бидејќи на овој начин се гарантира и пласман на домашното производство, а во исто време тоа што значи либерализација значи, директните потрошувачи можат да се снабдат самостојно.

Кога се зборува, тука сакам да појаснам уште еден аспект, регулиран пазар каде ќе функционира ЕСМ - Дистрибуција значи, на регулираниот пазар има регулаторна енергетска комисија која треба да ги регулира тие принципи

т.е. цената како се утврдува и која ќе биде за регулираните потрошувачи.

Имајќи го предвид нашиот систем нормално дека оптимално решение е ова што сега го имаме со една дистрибутивна мрежа која гарантира системски оптимално решение и во такви случаеви кога имаме од овој обем, бидејќи во овој сектор јасно е дека има влијание така наречениот ефект и во тие случаи и во теоријата и во праксата се препорачува регулирање на пазарот, тоа кај нас посоти.

Во контекст на тоа што се спомна дали имаме стратегија, треба да се направи стратегија и токму во овој закон се предвидува тоа што значи стратегија за енергетски развој, за унапредување на енергетска ефикасност во Република Македонија и стратегија за искористување на обновливи извори на енергија и сметаме дека на тој начин со овој нов закон се обезбедува модерна правна рамка усогласена со Европските директиви, тоа значи да имаме една конзистентна политика на стратегија, а за коментарите за законот можам само да ве потсетам тоа што го кажав на говорница може секој да го коментира од свој аспект, јас само ќе ви кажам една многу компетентна референца за тие што го прочитале законот, значи од Европската комисија има позитивни коментари на овој текст и во втора фаза кога ќе одиме со Предлог на закон и тие дефинитивно ќе бидат составен дел, а ова што го имате пред вас дека коментарите од Европската комисија се позитивни. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Илиевски имате збор.

**Владо Илиевски:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници.

Денес на дневен ред во Собранието на Република Македонија се најде долго очекуваниот закон за енергетика, со кој закон Владата на Република Македонија и во енергетскиот сектор го потврди својот реформски курс и предложи еден добар, квалитетен и технички издржан Предлог на закон, закон за кој со сигурност може да се каже дека после вградените забелешки, сугестии и дополнувања што ќе се предложат на комисиите, расправите во Собранието на Република Македонија како и од сите забелешки од преостанатите расправи и тркалезни маси каде ќе биде вклучена широката стручна јавност, Владата на Република Македонија во конечната верзија на законот навистина ќе предложи еден мошне квалитетен закон. Закон кој ќе ја регулира целокупната енергетска дејност во енергетскиот сектор и ќе биде добра основа за натамошен развој на целата држава.

Во овој закон во целост се вградени барањата од документите на Европската легислатива од кои ќе ги спомнам Меморандумот за разбирање, за формирање на регионален пазар на електрична енергија и природен гас и нивно приклучување кон внатрешниот Пазар на Европската унија, кој е потпишан од сите земји на Југоисточна Европа, како и договорот за основање на енергетска заедница помеѓу сите земји потписнички на Атинскиот меморандум.

Покрај тоа во овој закон, како што претходно истакнав, вградени се сите директиви на Европската унија, значајно место зазема и националната стратегија за уредување, како и начинот на функционирање на енергетскиот центар, воведување на Пазар на енергија, а особено е важно тоа што се дава големо значење на промоцијата на обновливите извори на енергија, како и на зголемувањето на енергетската ефикасност.

Посебно место во овој Предлог на закон зазема поглавјето 4 во кое се дефинирани одредбите за изградбата на нови енергетски објекти за производство на електрична и топлинска енергија.

Ќе си земам за право да дадам лично толкување на одредени сегменти од овој закон за кој сметам дека има мало отстапување од европските токови, нешто што треба да биде вградено, меѓутоа, имајќи го предвид овој транзиционен период што се одвива кај нас, се појавува проблем истиот да мора да соодветствува т.е. да биде прилагоден на реалната состојба што ја имаме во државата.

Овие измени нешто повеќе негативно влијаат кон потенцијалните странски инвеститори кои се заинтересирани за евентуално инвестирање во електроенергетскиот сиситем во нашата земја, меѓутоа, ова е направено со единствена цел за зачувување на приоритетите и интересите на домашните енергетски објекти, како и кон зачувување на интересите на вработените во енергетскиот сектор.

Ова посебно го посочувам во членовите каде се дефинирани обврските на регулираниот производител и сметам дека во овој момент мора така да остане иако се залагаме за либерализација на пазарот.

Занчи, регулираниот производител на електрична енергија има обврска за обезбедување на јавна обврска и по одобрувањето од страна на Регулаторната комисија склучува договор со снабдувачот на електрична енергија за продажба на целокупната расположлива енергија.

Значи, мора да се откупи целокупната, за што сметам дека не е соодветен збор "целокупната", малку несоодветствува на термините што ние ги користиме, бидејќи дел од произведената енергија се користи за сопствени потреби во централите како и за сопствени потреби на рудниците кои се во склоп на термоелектричните централи. Одомаќинет израз во енергетиката е да се каже не целокупната, туку произведената електрична енергија на праг на електрана.

Исто така сакам да потенцирам дека во овој закон се дефинирани и подзаконските акти, за кои се задолжени соодветните министерства да ги донесат во одреден рок, а од посебно значење се оние со кои се постигнува зголемување на енергетската ефикасност и повторно да

потенцирам, што е многу важно, промоцијата на обновливите извори на енергија.

Моменталната состојба во државата, гледано од енергетски аспект, од ден на ден се зголемува потрошувачката на електрична енергија, стратешки гледано подолго време не инвестираме во изградба на некој енергетски објект, пред се, мислам на долго заговараната гасна термоелектрана-топлана, како и хидро електраните Бошков мост и Чебрен.

Имајќи ја предвид прогнозираната потрошувачка на електрична енергија, многу одамна требаше да се инвестира во ваков објект. Можеби најголема пречка беа финансиите, за што сметам дека со овој закон се создадени услови за надминување на таа состојба и воедно се дава можност за влегување на стратешки инвеститори, поготово сега после продажбата на ЕСМ-Дистрибуција со што се потврди дека Република Македонија е сигурна и безбедна земја и полесно ги отвора вратите за влес на стратешки инвеститори, посебно во овој енергетски сектор.

Сега со сигурност можам да кажам дека сите енергетичари кои го прочитале Предлогот на законот многу им е појасна сликата за реструктуирањето што се направи во ЕСМ и нивната поделба.

Од овој закон може да се види стратешката важност на преносниот систем - оператор, што кај нас остана во државна сопственост кој е должен да обезбеди оперативно управување со електроенергетскиот систем во Република Македонија.

Не може да стане збор за монопол во дистрибутнивниот систем, бидејќи уште со самата имплементација на законот, квалификуваните потрошувачи сами ќе можат да си обезбедуваат договори со соодветни производители т.е. сами ќе вршат набавка на електрична енергија. Истото во догледно време ќе можат да го прават и домаќинствата, а тоа им го овозможува преносниот систем-оператор.

Во законот многу јасно се дефинирани сите правила на игра помеѓу учесниците во електроенергетскиот систем. Точно се потенцирани обврските и одговорностите на производителите на електрична енергија, снабдувачите на електрична енергија, дистрибутерите и секако тука не изостанува и операторот на електроенергетскиот сисем.

Вршителот на дејноста производство на електрична енергија исполнувајќи ги обврските и обезбедувањето на јавната услуга, го прави на начин и постапка определени со лиценцата за вршење на соодветната енергетска дејност.

Еден од приоритетите на овој закон е сигурно, безбедно и квалитетно снабдување со енергија.

Сигурноста во снабдвувањето со оделен вид на енергија се обезбедува преку постигнување на рамнотежа помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на соодветниот вид на енергија. На времената прогноза на очекуваната идна побарувачка е можност за задоволување на прогнозираните потреби во однос на расположивите енергетски извори. Стратешки, планирањето и изградбата на нов енергетски капацитет нормално дека е потребно високо ниво на квалитетно одржување на енергетскиот систем и сигурно нема да изостане од предвид потребата од покривање на врвните оптоварувања во системот.

Со овој закон се дава можност дистрибутивните производи на електрична енергија да можат да вршат продажба на електричната моќност на трговците на електрична енергија, како и на снабдувачот на елелктрична енергија за тарифни потрошувачи на мало.

Овде се дава можнст за инвестирање за изградба на мали хидроцентрали т.е. нови објекти за производство на електрична енергија, која изградба можат да ја вршат домашни и странски правни и физички лица, а врз основа на овластувањата и претходно обезбедени концесии за користење на добра од општ интерес согласно законот.

Производителот на електрична енергија може да има во сопственост како и да управува со работата на производна енергетска постројка и нормално произведената електрична енергија и моќност, како и системските услуги да ги продава на енергетскиот пазар.

Покрај ова производителот на електрична енергија е должен, а обврските произлегуваат и од самата дејност, да обезбеди достапност до произведената електрична енергија до точката на прием на кувачот.

Особено е важно што мора да ги достави до Регулаторната комисија сите договори за продажба на електрична енергија.

Регулираниот производител на електрична енергија има обврска за обезбедување на јавна услуга и секако одобрение од Регулаторната комисија, склучува договор со снабдувачот на електрична енергија за тарифните потрошувачи на големо за продажба на целокупната расположива, како што реков енергија на праг на електрана, наменети за тарифните потрошувачи, нормално по регулирани цени и тарифи.

Обврските на регулираниот производител е да ја испорача електричната енергија до точката на прием, како и да достави финансиски извештаи и ревизија на истите изработени од страна на овластен ревизор до Регулаторната комисија.

Од ова одредба се гледа дека нема прикривање на финансиското работење на производителите, а со тоа одстранета е можноста за самостално формирање на цените.

Снабдувачот на електрижна енргија за тарифни потрошувачи на мало купува електрична енергија од снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи на големо и од дистрибутивните производители на електрична енергија за потребите на тарифните потрошувачи по одредени цени и тарифи.

Додека пак, снабдувачот на електрична енергија за тарифна потрошена моќност врши набавка на потребната количина на моќност и енергија од регулираниот производетел, други производители или трговци со електрична енергија и нормално потребен преносен капацитет за потребите на снабдувачот со електрична енергија на тарифните потрошувачи на мало и на тарифните потрошувачи директно приклучени на преносниот систем.

Снабдувачот со електрична енергија за тарифни потрошувачи на големо, склучува регулирани договори одредени од Регулаторната комисија, со регулиран производител за откуп на целокупната моќност и енергија. Со што се штитат интересите на постојните производни капацитети , индиректно и на вработените во нив.

Многу добро е што на дистрибуцијата не и е дозволено да биде квалификуван потрошувач, односно не може сама да си одбира снабдувач од кого ќе купува, туку таа задолжително мора да прави отстапки и да купува од МЕПСО, со снабдувачот на електрична енргија на големо. Од друга страна МЕПСО, мора да ја откупи целокупната енергија од ЕЛЕМ што се гарантира работата на постојните енергетски објекти. Прв пат со овој закон се ствараат предуслови за отворање на либерализиран пазар на електрична енергија.

На крај сакам да потенцирам дека во овој закон вградена е стратегија за развој на енергијата во Република Македонија која се заснива на : утврдување и користење на енергетските ресурси и капацитети кои се од стратешка важност за државата, зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на мерки за инвестирање во енергетски објекти во кои се користат обновливи извори на енергија.

Од сите овие причини јас ќе го подржам Предлогот за донесување на законот.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Томе Тромбев.

**Томе Тромбев:** Благодарам претседателе,

Јас не сум толку стручен и компетентен како претходните дискутанти во производството на енергијата. Меѓутоа, би сакал да му дадам поддршка на овој закон, особено од аспект на енергетската ефикасност. Имено, во самиот закон имплементирана е директивата за енеергетски перформанси на згради, тоа е една од поновите директиви на Европска унија и тоа е добро за овој закон, затоа што во крајна линија градбите во Република Македонија се еден од најголемите консументи на енергија, околу 39% од вкупниот енергетски потенцијал се троши таму покрај индустријата 33% и покрај транспорт. Само во домувањето енергијата се троши 80%во станбениот сектор, а инаку тоа произведува 71% од годишната емисија на $CO2$ во Република Македонија, според последниот извештај согласно рамковната конвенција за климатски промени. Значи, тоа е стакленички гас. И оттука го гледам бенефитот од донесување на ваквиот закон и со имплементацијата на ваквата директива не само што ќе се намали увозот на енергија, а со тоа ќе се подобри и надворешно трговскиот биланс, туку ќе се направи и исчекор во однос на намалување на емисијата на стакленичките гасови. Меѓутоа, самиот член 109 кој што ја регулира оваа материја, би сакал на предлагачот да му посочам да ја усогласи терминологијата со Законот за градење кој што е донесен минатата година. Исто така, бидејќи ќе зборуваме во наредниот закон Законот за градежни производи да ја согледа целисходноста, дали во двата закони треба да постојат ваквите одредби кои што ја регулираат енергетската ефикасност.

На крај, јас би сакал да кажам дека ќе го поддржам овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Тома Глигориевски.

**Тома Глигоријевски:** Јас ќе ги кажам моите конкретни забелешки по законот, по Предлогот на законот за енергетика, со цел за подобрување на текстот во втората фаза.

Прва забелешка имам на член 3 каде што се дефинираат дејностите од областа на енергетиката во споредба со членот 5 каде што од тие дејности се одвојуваат кои се дејности од јавен интерес. Во членот 3, дејноста производство на електрична енергија е една, а во членот 5, од јавен интерес е производство на електрична енергија за тарифни потрошувачи. Значи, ако во Македонија викаме дека сегашното ЕСМ ќе биде регулиран произведувач на електрична енергија наменет и за тарифните потрошувачи и се надеваме дека ќе дојдат други странски инвеститори кои ќе градат производствени објекти, тие мора да имаат некоја друга дејност производство наменето за пазар, или само производство на електрична енергија, а ЕСМ да остане како производител од јавен интерес, производство на електрична енергија за тарифни потрошувачи.

Следната забелешка ми е на членот 6, да не го повторувам господинот Мавровски, значи комплетно треба да се измени членот 6, основањето на јавни претпријатија веќе во Република Македонија кога и МЕПСО кое знаеме дека врши и во догледно време ќе врши дејност од јавен интерес и нема да се приватизира е акционерско друштво со регулиран профит, нормално на име на државата како негов сопственик. Формирање на нови јавни претпријатија мислам дека не треба да се дозволи и не треба ни да има можност законска како што е предвидено во членот 6.

Во членот 7 се употребени изрази и јас секогаш почитувам кога некој закон како пракса треба да има изрази кои ќе се употребуваат во законот, со негово толкување, посебно за вакви закони каде што се употребуваат стручни и технички изрази каде што недвосмислено треба да се дефинира кој израз што значи. Меѓутоа, во членот 7 по

поедини точки имаме дуплирање на исти изрази, како на пример точката 22 и точката 43 велат: квалификуван потрошувач, па едниот кажува што е квалификуван потрошувач за електрична енергија, другиот кажува што е квалификуван потрошувач за друга. Имаме исто дуплирање на изрази во точката 27 и 44 за тарифни потрошувачи 52 и 65 за системски услуги, 51 и 80 за регулирани услуги. Значи, ако веќе се кажува израз што е, како е, мора едниот од другиот да се разликува барем по нешто, па макар да се оддели со некоја ѕвездичка и да кажува во натамошниот текст, регулиран потрошувач со една ѕвездичка значи тоа и тоа, а регулиран потрошувач со две ѕвездички значи тоа и тоа за да не дојде до забуна. Затоа што со процесот на приватизација и навлегување на странски капитал тие ги читаат законите, меѓутоа нив законите им ги преведуваат обично добри преведувачи кои не се стручно технички оспособени па прават малку каша од преводите и не е јасно што сакал да каже законодавецот.

Во точката 24 за снабдување со електрична енергија, испорака и продажба, треба да стои, и препродажба на електрична енергија, затоа што веќе со снабдувањето на електричната енергија и со воведување на трговци на електрична енергија веќе ќе биде дозволена и препродажба на електрична енергија.

Точката 28, транспорт на енергија е исто дискутабилна, ако се мисли на електрична енергија, тоа е пренос на електрична енергија, транспорт на електрична енергија може да е за нафта и за нешто друго.

Во точките 48 и 49, точка на прием и точка на испорака, зборовите "преносната мрежа" треба да се заменат со зборовите "преносен систем".

Точката 78 е посебно интересна, дека енергетски објект за дистрибуција на топлинска енергија (во понатамошниот текст) систем за дистрибуција на топлинска енергија. Сега, или е енергетски објект, не може енергетски објект да биде во понатамошен текст, систем за дистрибуција. Систем е едно, објект е дел од системот. Значи, сите овие забелешки на член 7 за поедините изрази треба да се корегираат и да се вметнат преетходно во законот на самиот почеток на законот, бидејќи изразите обично се ставаат на почетокот на законот бидејќи веќе со првиот и вториот член почнуваат да се употребуваат и треба да имаат свое значење.

Следна забелешка ми е на членот 12, мислам дека сите задолженија што се даваат на општините во поглед на енергетиката, енергетските дејности и правењето на програми и стратегии е малку преоптимистички за силата и јачината на нашите општини да можат да прават вакви програми. Можеби општина Скопје и уште неколку општини да ја имаат таа снага, меѓутоа, 90% од општините во Македонија ја немаат таа можност и таа снага и тој капацитет да ги исполнуваат условите од овој закон кои се наменети за локалната самоуправа.

Во главата 4, производство на нови енергетски објекти, треба да се каже дека максимално треба да се олесни можноста идните инвеститори да прават и да градат енергетски објекти во Република Македонија. Наместо тоа, на пример во член 40 е испуштено дека на идниот инвеститор ќе му се бара гаранции дека некој објект за кој ќе добие дозвола, концесија да го гради да даде гаранција, се бараат некои податоци, како на пример во точка 4 кои воопшто не можам да ги сфатам дека треба да даде на увид предложен тим кој ќе работи на проектот, начин на раководење со тимот и носители на раководните функции на тимот, информации за опрема, или градежна и друга техника кои ќе бидат применети во проектот. Сега да претпоставиме дека некој инвеститор има пари и сака да гради профитабилна некоја дејност, ќе гради хидроцентрала во Македонија и ќе праша дали може, ќе добие дозволи и тој ништо не знае освен да даде пари и некој да му гарантира дека тоа ќе го сработи како што треба. И од каде знае тој, за да ги добие дозволите на кого ќе му даде да гради и дали тој ќе употребува на самото градилиште комбајни, или ровокопачи од овој, или од оној тип. Уште требало да се побараат и слики од тимот па да ги видиме дали се убави.

Новите енергетски објекти процедуата мора да биде максимално олеснета сосема различна од она што го имаме сега каде што практижно е невозможно во Македонија да дојде некој и да ги добие сите дозволи што треба да се добијат за да изгради нов производствен капацитет.

Во членот 43 каде што е предвидена изградба на нови преносни дистрибутивни енергетски објекти, треба да се предвиди можноста освен носителот на лиценцата и самиот инвеститор да може да гради такви преносни или дистрибутивни мрежи, бидејќи можеме да дојдеме во ситуација некој инвеститор да добие концесија на некоја планина да отвори рудник, или незнам што и дека за дистрибутерот кој ја има лиценцата за дистрибуција неисплатливо му е да прави далновод до таму, меѓутоа самиот тој сака и е спремен да инвестира и во далновод, нормално не може да го прави како што сака, треба да добие дозвола за техничките услови од носителот на лиценцата и од Регулаторната комисија. Меѓутоа, инвеститорот сам треба да си одлучува кој ќе му го прави, колку тоа ќе го чини и како ќе го чини. Вака е предвидено само носителот на лиценцата може да прави објекти за пренос и дистрибуција што мислам дека не држи.

Ќе се вратам малку назад на регулаторот. Во членот 34 каде што се дефинира финансирањето на регулаторот треба за мали и за микропроизводители на електрична енергија од обновливи извори да се предвиди помал процент за издвојување за регулаторот. Можеби тоа се симболични суми за самиот регулатор, меѓутоа за овие микро и мали производители е еден поттик за што повеќе да се инвестира во таков вид на производствени објекти. И во надлежностите на

регулаторот кои се дадени во член 17 треба да се дополни со условите за снабдување на потрошувачите кои се дадени во член 21. Значи, во член 21 условите за снабдување на одделни видови на енергија ги пропишува регулаторот, меѓутоа, тоа не му се пишани во надлежностите кои се дадени на регулаторот во член 17. Се на се, иако и досега имавме закон, овде неколку дискутанти кажаа дека се доцни со законот, ние и досега имавме Закон за енергетика, кој каков, таков е на снага, требаше да се менува и постапката е за менување. Мислам дека со некои ситни забелешки е сосема коректно и дека ги задоволи критериумите кои се очекуваат од нас како Република Македонија во оваа област да имаме регулатива блиска, сродна и идентична со регулативите од Европската унија.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Објавувам пауза до 15,00 часот, бидејќи тогаш ќе пристапиме кон гласање.

(Пауза до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,02 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум).

Молам уште еден пратеник да се појави во салата.

(Присутните и понатаму чекаат да се создаде кворум).

Сега во салата е присутен 61 пратеник.

Почитувани пратеници, ве молам слушнете го заклучокот, кој гласи:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за енергетика.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за енерегетика, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника, гласале 59 пратеници, 59 нпратеници гласале за, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Преминуваме на 26-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост, со Предлог на закон,**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласале 61, 61 пратеник гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 60 пратеници, 60 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1 во воведната реченица и за додавање 7 нови алинеи по новата алинеја 17 и за менување на став 2, член 3 за менување на став 2, за додавање нов став 3 по ставот 2 и за додавање три нови ставови 4, 5 и 6 по ставот 3, член 19 кој се однесува на член 66-а став 1, точки 2,3 и 4 и член 61 кој се однесува на член 227-в став 4 и на член 64 за додавање нов став 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 18 став 2, член 19 во новиот член 66-д став 1 во воведната реченица, на член 64 и за бришење на членот 66.

Почитуван министре, со сите 4 амандмани се согласил повереникот на Владата на Законодавно-правната комисија. Дали вие се согласувате?

Има збор министерот за економија, господинот Фатмир Бесими.

**Фатмир Бесими:** Да, се согласувам.

**Љупчо Јоррдановски:** Тогаш одиме само да констатираме.

Амандман на член 18 став 2 поднесен од Законодвано-правната комисија е составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Амандманот на член 19 во новиот член 66-д став 1 во воведната реченица, поднесен од

Законодавано-правната комисија е составен дел од текстот на Законот.

Амандманот на член 64, поднесен од Законодавано-правната комисија, е составен дел од текстот на Законот.

Амандманот за бришење на член 66, поднесен од Законодавно-правната комисија, е составен дел од текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника во салата, гласале 58 пратеници, 56 пратеници за,1 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост.

**Преминуваме на 27-та точка - Предлог за донесување на закон за градежни производи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам пртересот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за градежни производи.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, гласале 57 пратеници, 55 пратеници гласале за, 1 воздржано и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, гласале 57 пратеници, 55 пратеници гласале за, 1 воздржано и 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 33 и на член 37.

Со овие амандмани се согласил повереникот на Владата.

Дали министерот се согласува бидејќи се два амандмани.

**Фатмир Бесими:** Да, се согласувам.

**Љупчо Јордановски:** Министерот се согласува и тоа значи дека амандманот на член 33, поднесен од Законодавно-правната комисија, е составен дел на текстот на законот.

Амандманот на член 37, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, гласале 56 пратеници, 56 пратеници гласале за, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за градежни производи.

Му се заблагодарувам на министерот за економија.

**Преминуваме на 28-та точка - Нацрт на просторен план на регионот на сливот на река Треска.**

Нацртот на просторниот план и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господине заменик министре повелете.

**Драгољуб Матовски:** Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска претставува управувачки документ, по карактер интегрален развоен проект, со чија помош се дефинира просторната организација на Регионот и целите и концепциите на просторниот развој на одделни области, како и условите на нивна реализација.

Планот е ориентиран кон изнаоѓање на патишта и можности за решавање на сложените просторни проблеми и конфликти во интеракција со развојните процеси, текови и ограничување. Според тоа, Планот е проблемски ориентиран, но не само на проблемите од моменталната состојба, туку и на проблемите кои се во временска смисла долгорочни и чие решавање и оттстранување има стратешка димензија во развојот и просторно функционирање во целата интеграција. Поради тоа, Просторниот план се дефинира како документ со трајни вредности, а ќе се усогласува со сите развојни документи што ќе бидат изготвувани и донесувани.

Покрај стратешко-развојниоот дел Планот има и просторно интегративен карактер што, всушност, преставува негова примарна задача. Тој ги координира сложените физички структури на примарните, секундарните, терцијалните и јавните дејности, нивната локација и алокацијата во просторот.

Основните цели на изработка на Просторниот план се:

-обезбедување на просторните услови за изградба, реконструкција, опремување и заштита на Регионот;

-утврдување на оптимална дистрибуција на активностите, физичките структури и населението, почитување на економските, техничко-технолошките, еколошките и просторно функционалните критериуми;

-обезбедување услови за оптимално функционирање на постојните и планираните инфраструктурни системи, населби, производните капацитети и други системи.

Една од основните стратешки определби на Просторниот план на Република Македонија е приоритетот за заштита на водите од прва и втора класа, од кои е предвидено да се врши водоснабдување на населени места. Заштита на квлаитетот на водоснабдувањето на населени места како заштита на квалитет на водите на сливното подрачје на реката Треска, како една од најважните ресурси на чиста вода во Републиката, треба да претставува организиран систем на техничко-технолошки мерки и водењето соодветна водостопанска и економска политика на просторниот развој.

Процесот на изработка на Планот тргнува од концептот на тимска работа ил интердисциплинарниот пристап, што подразбира синхронизирано водење на повеќе истражувачки постапки од страна на работниот тим составен од експерти од различни специјалности, врз база на заедничка методолошка платформа, целите кои треба да се остварат и единствената координација.

За таа цел реализација на вака просторниот плански документ, односно за неговодефинирање на планските концепции, планерскиот процес е организиран преку следниве фази. Потребни се две фази и тоа Фаза на Нацрт план и фаза на Предлог план. Развојниот концепт со кој се предвидува трансформација на мрежата на населбите во организиран, динамичен систем на населени места во наредниот долгорочен период произлегува од применетиот модел на урбанизација, како комплексен процес и основна рамка за планирање на идната организација, уредување и користење на просторот.

Усогласеноста, односно максималното можно респектирање на развојните потреби на општеството и основните потреби на пазарното стопанство претставуваат услови кои мора да бидат задоволени со цел да се обезбеди оптимален степен на ефикасност во идната операционализација на моделот.

Основните стратешки определби кои ќе претставуваат основа за дефинирање на моделот на урбанизацијата се однесуваат на:

-воедначување на нивото на економската развиеност и функционалната и инфраструктурна екипираност помеѓу одделни просторни сегменти и во просторните рамки на Регионот;

-децентрализација и рамномерна, планска дисперзија на спектарот на функциите и активностите од доменот на општествениот стандард, стопанството и услугите во согласност со потребата за воедначен развој;

-полицентричен развој кој подразбира планска дисперзија на централните функции во рамктеи на хиерархиски структури на систем на центри;

-зголемување на општото ниво на урбанизираност како резултат на зголемениот број и учество на урбанизираното во вкупното население и функционално и инфраструктурно опремување на населбите;

-запазување и афирмирање на континуитетот на позитивните процеси и тенденции во демографскиот и функционалниот развој на населените места и примена на современи методи и планирани критериуми во организацијата и екипирањето на населбите и дисперзија на функциите.

Основни принципи со чија примена е концептиран моделот претставуваат:

-принципот на полицентричност-систем составен од повеќе центри;

-принципот на хиерархичност-хиерархиски поставена структура на централни населби.

Системот на населби ќе го сочинуваат следните категории на централитет:

-Регионален центар: Кичево;

-Општински

Центри:Другово, Кичево, Зајс, Осломеј, Врантештица, Пласница, Македонски Брод и Сарај.

Вкупното население во регионот во 2020 година се предвидува да изнесува 120.700 жители во 31.520 домаќинства, со просечна големина на едно докаќинство од 3,8 жители.

Најважните очекувани ефекти од формирањето на просторно-функционалните единици се однесуваат на зголемување на интегративниот фактор во фунционирањето на системот на населените места искажан преку ефикасна организација во доменот на основните фунцкии и активности пред се стопанство, управување, услуги, домување, рекреација и поголема ефикасност во користењето и планирањето на развојот на инфраструктурните системи.

Развојот на селските подрачја во наредниот период претставува значајно стратешко прашање во концептот на долгорочниот просторен равој на Регионот. Планскиот концепт на развој и утврдувањето на селските подрачја претставува интегрален дел од глобалниот концепт на просторниот план на државата. Неговата основна определба претставува унапредување на квалитетот на животните услови во рурална средина и намалување на постојната разлика во однос на условите во урбаните средини, преку интегрален-сеопфатен развој на селото.

Со концептот за заштита на животната средина ќе се тежнее кон намалување на загадувањето преку

системски мерки во примарниот сектор, комуналното и индустриското загадување, енергетиката, сообраќајот, а преки адекватно користење и намалување на одделни компонентни на просторот и рационално стопанисување со природните богатства на подрачјето на Регионот. Концепцијата на заштитата се темели на санција на состојбите, смалување или отстранување на чинителите кои придонесуваат кон загадувањето и превентивна заштита преку проценка на штетните влијанија на новопредвидените објекти или капацитети (тука се мисли на индустриски, енергетски, сообраќајна инфраструктура и слично). Управувањето со загадувањето преставува поврзување на емитерите со мониторинг достапен на органите на надзорот и институционалниот систем во функција на приоритетно финансирање на поголемите зафати за реализација на објекти на инфраструктурна мрежа и поттикнување на учеството на приватниот сектор.

Просторниот план на Регионот има задача да ги дефинира насоките, мерките и условите, со што ќе се обезбеди хармонизација на развој на секој елемент на на просторниот систем, со цел да се оствари динамичен и усогласен просторен развој, постојано унапредување на животната средина и рационалното користење на просторот.

Благодарам на вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Господине Дојчиновски имате збор.

**Киро Дојчиновски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер.

Просторниот план на Регионот на сливот на Треска, претставува управувачки документ со интегрален карактер, развоен проект, со чија помош се дефинира просторната организација на Регионот на сливот на реката Треска. Ова подрачје е многу актуелно во последно време од повеќе причини. Подрачје прво како енергетски потенцијал на Македонија, подрачје со еден многу широк простор на 11 општини како што чувме пред малку, со некаде околу 2.095 квадратни километри површина, со 118.000 жители, подрачје ретко населено, подрачје претежно рурално и подрачје кое што во досегашнот период од најразлични стратешки и други причини беше за јавноста затворено и недостапно. Подрачје кое што во последно време е градилиште на хидроенергетски брани и подрачје кое што практично од тој аспект е доста актуелно. Овој стратешки документ, за стратешкиот развој и стратешка концепција со трајна вредност, со обврска на усогласување на сите развојни документи, што ќе бидат подоцна изготвувани на пониско ниво.

Јас не би се зафаќал да разговарам, ниту за енергетски потенцијали , ниту за водниот систем, ниту за населението, ниту за другите делови за кои што мислам дека ќе има расправа друг пат.

Но, не би бил во право, ако моето јавување не се однесуваше на една друга област, а тоа е заштитата на недвижното културно наследство.

Оваа заштита произлегува пред се, од Законот за заштита на спомениците на културата, според кои е пропишан режим и мерки за заштитата. Во тој контекст се дефинирани следните мерки, кои треба да се почитуваат.

Задолжителен третман на недвижното културно наследство во изработката на просторните планови од пониско ниво.

Понатаму, усогласување на методологијата, критериумите и постапката за валоризација на културните споменици.

Утврдување на соодветен режим на заштита на најзначајните регистрирани и евидентирани споменици, или спомен обележја во целина.

Планирање на реконструкција, ревитализација, конзервација на најзначајните споменички обележја во целина. При ова, забележлива е потребата и од усогласување на терминологијата, содржана во постојните закони за култура и културното наследство и овој просторен план за кој што беше и во расправата на Комисијата. Имаме една мала потреба од тоа да се усогласат во крајниот текст овие поими и термини што се содржани на една и на друга страна.

Потребно е исто така, усогласување на методологија за купување на овие објекти во други цели. Пред се, се мисли во туризмот и туристичката натамошна потреба, за која што практично ќе бидат сигурно многу значајни настојувањата и она што сега е многу актуелно, изградбата на патот Скопје-Македонски Брод, кој што стана да не речам историски. Постојано имаме интервенции, не знам дали и нашиот претседател не примил некоја делегација од оваа групација, љубители на Македонски Брод и од друга страна мислам дека до крај ќе го отвориме овој регион, кој што сега ако е 140-150 километри растојание, ќе го доведеме некаде 70-80 км, до Скопје и ќе биде доста атрактивен. Одтука, атрактивни ќе бидат и спомениците на културата за кои што зборував.

Исто така, мислам дека треба да се поведе доста сметка околу дислокацијата со потопувањето на одредени населби и со потопувањето, односно дислокација на одредени споменици и спомен обележја . Особено има потопување и на селото Брезница, каде што навистина сме доведени во состојба да се прават радикални интервенции.

На овој план мислам дека треба да се обрне внимание на текстот заштита од воени и други природни катастрофи, заштита на културните споменици, како што знаеме дека се повеќе се предмет на рушење и уништување.

Од тие причини, давајќи место само на ова прашање на културата и културните споменици, мојот став и ставот на Комисијата беше да се поддржи овој просторен план на Регионот на сливот на реката Треска. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието би требало да му предложам заклучок, но нема да го предложам додека не се соберат пратениците.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Го читам заклучокот.

Собранието на Република Македонија го утврдува Нацртот на просторниот план на регионот на сливот на река Треска.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на просторниот план на регионот на сливот на река Треска, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника 58 гласале, 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 29 - Барање за давање автентично толкување на член 96 од Законот за локална самоуправа, поднесено од градоначалникот на општина Штип.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 96 од Законот за локална самоуправа, поднесено од градоначалникот на општина Штип, не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до градоначалникот на општина Штип.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 55 гласале, 54 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 30 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлагачи група пратеници. Господине Рафис Алити, вие сте претставник.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и дописите на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 1 од Амандманот 16 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните рпатеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните рпатеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејѓи нема приајвено за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 10 за, нема воздржани, 44 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата за да бидеме сигурни во легитимноста на ова гласање.

Во салата во времето на гласањето беа присутни 62 пратеника.

Констатирам дека гласањето е валидно.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на точката 31 - Предлог за донесување на закон за изменвуање на Кривичниот законик со Предлог на закон.**

Предлагачи: група пратеници.

Госпоѓо Бонева, вие сте претставник.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и дописите на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Кривичниот законик.

Ве повикувам да гласаме.

63 присутни, 52 гласале, 5 за, нема воздржани, 47 против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на точка 32 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост, со Предлог на закон.**

Група пратеници над 30, можеби 20, не знам, господине Спиро Мавровски, вие сте прв, вие сте претставник на предлагачите.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, дописот на Законодавно-правната комисија, Мислењето на Владата и Извештајот на Комисијата за економски прашања ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

(Со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собраниеот на Република Македонија).

**Слободан Најдовски:** Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, мислам дека министерот за економија требаше да остане барем уште за оваа точка, затоа што ни должи објаснување прво на нас како на предлагачи на овој закон и што е уште поважно на македонската јавност, затоа што се работи за она што последните неколку месеци ја дрмаше македонската јавност за кое што слушнавме многу информации, дезинформации, разговори од стручни луѓе, луѓе кои што се занимаваат со областа енергетика и луѓе кои што себеси се нарекуваат се и сешто. Но, еве момент можеби сето ова е задоцнето, не знам зошто претседателот баш сега побара промена. Но, мислам дека ова како Предлог на закон беше поднесено до Собранието на Република Македонија во месец декември 2005 година, а денеска сме 21 март, поминаа повеќе од 3 месеци од објавувањето на тендерот, работењето на тендерот, не се најде место и простор оваа точка да дојде на дневен ред и ние како пратеници заедно со минситерот за економија, министерот за финансии да го разгледаме токму овој закон и можностите кои што ги дадовме со законот, а тоа е обезбедување фер и коректна продажба во која што нема да има политика, ниту пак политиканство, ниту ќе се бараат поени од граѓаните, но ќе се најде ситуација во која што Електростопанство на Македонија, граѓаните и ние како пратеници ќе дојдевме во ситуација да имаме можностите да расправаме за оваа точка и се надевам да најдеме најточни решенија и правилни решенија, во однос на оваа продажба. Продажбата и покрај тоа што цело време слушавме дека е транспарентна, дека почетокот беше транспарентен со јавен тендер, повици, доаѓање на странски компании, но сето сега после завршувањето е завршено така како што е. Колку информации имате вие како пратеници не знам, јас ги немам последните. Повторно се крена бура, дали е така, дали не е така, кој за што говорел, кој што направил, кој колку средства ќе добие. Но, во секој случај мислам дека мораше оваа расправа да се одржи многу порано за да стигнеме во ситуација да расправаме точно поради тоа што ова што го предложивме, мислам дека требаше да предизвика внимание и кај Владата и кај господинот претседател на Парламентот и воопшто кај сите пратеници во Собранието на Република Македонија. Јас морам да кажам, на овој Предлог на закон дека се приклучени сите опозициони партии, значи има подршка од сите опозициони партии, значи, Предлогот е од нас ВМРО-Народна, приклучени се ВМРО-ДПМНЕ, Либералната партија, Земјоделската народна партија, ДПА, Новата социјалдемократска партија, партијата ДОМ и сите останати кои што во овој момент чувствуваа дека токму овој е начинот на кој што ќе можеме да направиме нешто добро, да направиме нешто од кое што ќе излеземе сите заедно победници, а не чувството дека некој е победник, а некој е победен. Тоа чувство многу скоро ќе го почувствуваат граѓаните на Република Македонија и ќе видат што значи победа, што значи пораз и многу скоро од своите џебови сигурно дека тие ќе бидат губитниците во однос на она што значи цена на електричната енергија и во однос на она што многу скоро ќе се случи. Значи, јас не би говорел за причините поради кои што го предлагавме овој закон, затоа што за мене сега не знам воопшто и како да го образложам законот и како да говориме кога имаме еден завршен чин и кога и покрај тоа што знам дека законодавниот дом е нешто посилно од она што значи Влада на Република Македонија. Но, за жал во тоа не ме убедивте, колеги пратеници од позицијата во овие 4 години, дека имаме сила да најдеме прави мотиви и да донесеме едно решение со кое што би стопирале нешто што во моментот е во функција. Но, јас би кажал неколку причини поради кои што овој закон требаше да се доенсе и треба да се донесе, без разлика на она што Владата би била несериозна во однос на она што го прифати деновиве, затоа што Владата на Република Македонија призна дека не ги исполни обврските од Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија. И во почетокот на декември 2005 година до Собранието на Република Македонија поднесе измени и дополнувања на овој закон. Овие измени и дополнувања треба да ги покријат пропустите и неактивностите на Владата во процесот на подготовка на компанијата за приватизација, особено во однос на регулирањето на правото на сопственост на недвижностите и нивното впишување во Катастарот на земјиштето и Катастарот на недвижностите. Зошто го велам

ова? Затоа што тие два закони кои што беа донесени по итна постапка си зедоа за право да се вратиме во едно за мене, мислев дека е веќе одамна поминато време, што би рекле некои, комунизмот. Но, таков не го видовме и во времето на социјализмот и сите овие имоти да бидат препишани на Електростопанство на Македонија и да се води една ситуација во која што сега единиците за локална самоуправа ги бараат токму оние права и сопствености за кои што вложиле средства. Значи, преку јавни придонеси, она што значеше тогаш изградба на трафостаници, изградба на далекуводи во кои што луѓето инвестирале, тоа е точно дека беше дадено на владение на Електростопанство на Македонија, но не и во сопственост на Електростопанство на Македонија. Значи, тоа се две различни работи, некој да стопанисува со тие објекти и некој од утре да ги има за себе и покрај тоа што некој друг ги вложил средствата во нив. Мислам тоа апсолутно никој не го зема тоа во предвид и тука останува една многу лоша ситуација која што не знам како ќе ја надминеме. Во меѓувреме не се реализира суштинската поделба на друштвото со утврдување и поделба на имотот на Електростопанство на Македонија на друштвата кои произлегоа од него, поделба на средствата, на вработените, правата и обврските Формално правно тоа не е завршено, затоа што и во овој момент пооделни акционерски друштва што произлегоа токму од ова друштво. Меѓусебните побарувања се движат некаде од 27, 28 милиони евра. За ваша инфорамција само Рударско енергетскиот комбинат Битола во овој момент на своите коминтенти им должи околу 10 милиони евра кој што за произведена струја не може да ги наплати, затоа што акционерските друштва МЕПСО и Дистрибуција тие средства не ги признаваат, или не можат да им ги дадат. Значи, со овој Предлог на закон кој што се состои од дополнување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на еклектрична енергија во државна сосптвеност. Членот 9-а, после членот 9 додаваме нов член 9-а кој гласи: Одредбите од членовите 7 и 8 на овој закон ќе се применуваат од денот на стекнување на полноправно членство на Република Македонија во Европската унија. И ова мислам дека е единственото решение кое што ќе обезбедеше да нема политички мотиви. Значи, ние не знаеме бидејќи еве, постигнавме еден голем успех за кој што сите заедно говоревме тука, дека сме сега кандидат членка на Европската унија без статут и без термин кога тоа ќе се случи. Некои од моите колеги прашаа зошто во законот нема термин од кога би важел овој закон, со што законот губи на она што значи квалитет. Сега јас ќе ги потсетам моите колеги, ако ние станавме кандидат членка и тоа го прославивме така помпезно, а ни еден од вас сеуште не знае кога Македонија и дали воопшто ќе стане членка на Европската унија и покрај тоа што само тука и позицијата и опозицијата и влезот во НАТО структурите имаме заеднички идеи.

Се надеваме дека тоа ќе биде многу скоро, и покрај тоа што најавите што доаѓаат од пред 10 години таа можност ќе биде многу мала. Без разлика која Влада тогаш ќе биде на власт во Република Македонија, ќе почне и ќе може да го спроведе тој процес на приватизација или понатаму, како што се случи кај нас и продажба на ЕСМ-Дистрибуција. Приватизацијата е едно, продажбата е друго, ние направивме продажба, продадовме објекти, продадовме се што можеше да се продаде, значи и 110 киловолтни трафостаници, каде што имаме трансформација, продадовме мрежа и што е многу поважно од сето ова што го продадовме, ние продадовме бизнис кој е вреден некаде околу 400 милиони долари. Ако на тие 400 милиони долари по сите закони, по сите прописи што Република Македонија во овој момент ги има и каде што тој газда ќе може да побара средства за она што го работи, потрошни средства и да го прикаже профитот од 5 до 10%, тоа се 40 милиони долари секоја година. Да не говорам за 40 мегавати електрична енергија која што ја добива со хидроцентралите, која што во ниеден момент не беше поставена во Дистрибуција, пренос и производство, па сега заедно со тоа што беше дистрибуција замина во приватни раце, и покрај тоа што сеуште на тие електрани се врши реставрирање и репарирање, ги доведуваме во првобитна состојба, каде што се способни да произведуваат наредните 50 години со минимални трошоци и од тоа производство се чисти пари што некој ќе ги реализира.

Мене ми е многу жал што во овој момент не можам да говорам за Договорот, затоа што не го знам, затоа што мислам дека некои од вас не ги гледам тука, кои учествуваа во сето ова и го знаат Договорот, знаат кои се клаузулите и што е потпишано и како е потпишано, што од тоа е добивка за граѓаните на Република Македонија, што од тоа многу скоро ќе се види дека претставува еден балас или товар кој што сите ние ќе го платиме во Република Македонија и од тоа мислам дека нема бегање.

Во однос на ова што беше Предлог на закон на група пратеници, на кои се приклучија комплетно цела опозиција, добивме еден одговор од претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски. Тој одговор е испратен на 13.01.2006 година, па еве после цели два ипол месеци сега ќе треба да говориме за она што тогаш претседателот ни го објасни. Во процесот на приватизација, кажува кој прв тригодишен период реформите во енергетскиот сектор се фокусираа на прилагодување на структурата на секторот и пазарните односи кон конкурентен начин на работење, во 2003 година во соработка со меѓународни консултанти се подготви и се усвои модел за реструктуирање на АД ЕСМ, а потоа и план за реализација на реструктуирањето. Ова

што е испратено апсолутно не одговара на вистината, затоа што постапките што се случуваа во овие три години не соодветствуваат со ова што го добивме како одговор. Зошто го велам тоа? Затоа што со Службен весник број 66 од 2004 година ЕСМ беше поделено на две актицонерки друштва, едно ново АД ЕСМ за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија во државна сопственост и второто АД МЕПСО.

Втората одлука број 1926/1 од 30.06.2005 година, првото друштво АД ЕСМ се поделува на две друштва, АД ЕСМ Дистрибуција и АД Елен електрани на Македонија Скопје. Но само 19 дена после тоа Владата носи нова Одлука. Во таа Одлука број 1928/80 се говори дека се основа ново друштво ТЕЦ Неготино, кои во старот Владата и овие што ја правеа анализата на Електростопанство на Македонија кажаа дека тоа е апсолутно не е за продавање, но после таа Одлука на Владата испадна дека, прво, што сака Владата и ќе треба да го продаде, тоа е АД ТЕЦ Неготино. Но еве до денес тоа не се случи.

Понатаму имаме четврта Одлука каде што АД ЕСМ Дистрибуција се поделува на АД ЕСМ Дистрибуција и АД ДИстрибуција производство, односно мали хидроелектрани кои сега влегуваат заедно со Акционерското друштво Дистрибуција.

Од сето ова стратегија сеуште се нема, никаде не се третирани рудниците кои скоро во сите земји на Европската унија се третирани, но кај нас тоа го нема. Зошто е така одговор нема.

Понатаму се говори дека во 2003 година се основа Регулаторната комисија за енергетика, со основна задача да го уредува и управува регулираниот дел од енергетскиот пазар и да овозможи заштита и унапредување на конкурентските односи. Во изминатиот период ова независно регулаторно тело се вгради во стопанскиот систем на Република Македонија. Сега ќе прашам нешто зошто е ова напишано, кога премиерот само со една своја изјава го суспендира сето ова и кажа дека електричната енергија нема да се поскапи, тоа е одлука на претседателот на Владата и тука ниту Регулаторната комисија после седум месеци најави дека денес ќе се поскапи, утре ќе се поскапи остана на тоа што го кажа премиерот и електричната енергија не се поскапи. Значи ова регулаторно тело е толку независно колку што ќе каже претседателот на Владата.

Понатаму имаме ситуација каде што се говори за унапредување на конкуренцијата. Сега кои се тие конкурентски односи кога во Република Македонија апсолутно нема друг кој што произведува електрична енергија освен во моментот Акционерското друштво ЕЛЕМ, јас не знам кого да го штитиме во Република Македонија кој што произведува електрична енергија. Таков не гледам, не ја гледам смислата на сето ова и ова нема апсолутно никаква важност.

Во однос на либерализацијата увезуваме 40% од електричната енергија, така што имаме контролирана либерализација, сакале или не сакале, инаку ќе имаме големи проблеми. Ако имаме слободен извоз, тука и техничките можности нема да ни го дадат она што сакаме да го направиме.

За Атинскиот меморандум говорев кога расправавме за Законот за енергетика и сакам да кажам дека тешко ќе можеме технички сето тоа да го исполниме. Во однос на приватизацијата во Источна Европа, за која говори премиерот, јас само ќе го потсетам или не знам дали е информиран дека во последно време имаме една нова ситуација која до сега не сме ја третирале во Република Македонија. Значи повторно вертикално поврзување на субјектите кои некој пат работеле во државна сопственост. Значи три од овие дела, пренос, дистрибуција и производство, веќе по две или повеќе од нив се заедно во иста функција и добиваат задачи овие фирми, а дел од нив конкурираа да го добијат и нашиот пазар како приватни фирми, како што е ЧЕС, кој добива наредба од Чешката влада да купуваат дистрибуции и делови од дистрибуции кои Владата ги продава, но сега сигурно по многу поголеми цени од моментот кога тие ги продале овие дистрибутивни мрежи. Истото се случува во Полска каде што имаме само 25% од приватниот капитал, а другите 75% се во приватна сопственост.

Понатаму, доаѓа она на што се повикува претседателот, а тоа е кредитот кој што тука го подигнавме од Европската банка за обнова и развој во висина од 45 милиони евра. Сега многу лошо е што денес сите сме тука професионалци, нема вработени директно во ЕСМ, кои ќе кажат дали еден единствен денар, не евро туку денар, од овие средства се внесени во ЕСМ и дали од тие средства е стигната некоја ситуација во која комбинатот ќе биде спремен во однос на она што го очекува утре или како што планира министерот за економија дека веќе кон крајот на 2006 или 2007 година ќе почне почетокот на приватизацијата на производните погони. За таква работа барем до сега не знам, бидејќи и овие 27 милиони евра побарувања апсолутно не ќе можат да ги добијат.

Понатаму, се говори за некоја социјална категорија, за која стои во тендерската документација. Не знам коа ќе биде таа социјална категорија сега откако договорот е потпишан, затоа што првата теза беше дека струјата не може да биде социјална категорија и дека тука секој од граѓаните на Република Македонија ќе си земе за право и ќе плаќа подеднакво како што плаќаат сите. Но сега испаѓа повторно некаква социјална категорија или според мене "мачкање на очи" за да некој сфати директно или да не сфати што и како се случува.

Она што се објавува како клучна цел-сигурност и безбедност во снабдувањето со електрична енергија, уште еднаш ќе повторам, да не ја

замајуваме јавноста, ние можеме да имаме најдобра дистрибуција во цела Европа, но ако немаме производство, ако немаме енергија која што треба да биде спроведена до куќите на граѓаните, ние немаме ништо. Таа дистрибуција е таква каква што е, да беше и Владата и ЕСМ за тоа, нормално е дека треба инвестиции, затоа што голем дел од таа мрежа е застарена со 30 и 40 години, но има и нови мрежи, нови трафостаници во кои се случи хаварија. Тоа значи дека се работи за техника, се работи за ситуации во кои не може никој од нас да биде сигурен, а од ден на ден потрошувачката е поголема, населението се зголемува и ние веќе многу лагодно се чувствуваме, со тоа што електрична енергија имаме секогаш и веќе не мислиме на утре, што е многу страшна ситуација, во која многу скоро-некој сигурно ќе ме потсети на ТЕЛЕКОМ, за разлика од телефонот кој може да биде исклучен, да го имате или да го немате, но во оваа ситуација без струјата мислам дека не ќе имате ништо, и да го плаќате тој телефон, односно сите модерни услови кои што сега ги имаме и технолошки пронајдоци, без струјата апсолутно ништо нема да функционира. За жал, тоа е факт, тоа е вистина и тука мораме сите длабоко да размислуваме.

Во однос на оние закони што Владата ги донесе во меѓувреме и за кои се води постапка, а еве можевме да разбереме дека Врховниот суд за една од тие постапки кажа дека е во ред и дека она што беше земјиште кое што е доделено на граѓаните од граѓаните на ЕСМ дека ќе биде добро и ќе функциноира. Меѓутоа, треба да знаеме и друга работа, дека тоа е само еден дел и дека Македонија  во моментот се движи кон Европската унија, можеби полека, но сепак се движи, така што и судовите во Европската унија се тие што поголем дел од овие претставки сигурно ќе ги има предвид и ќе разговараат за ова што се случува во Република Македонија, затоа што приватната сопственост е таа што кај граѓаните на Република Македонија и во цела Европска унија е приоритет број еден. Ако ние ги кршиме така правата на граѓаните, тогаш не знам на што се надеваме и што мислиме да добиеме.

Тука е уште еден проблем, и тоа голем проблем за кој се веќе потегнати многу работи, а тој проблем е бркањето на вработените од 2003 година, затоа што и тука се водат процеси, добиени се судски решенија кои се позитивни, па сега сето тоа поминува на апелацијата, па до Врховен суд и повторно тие барања ќе завршат некаде на друго место, при што за исти одлуки, за исти бркања едните се враќаат, другите се одбиваат. Ако во оваа држава има право, ако има суд, мислам дека тоа не смее да се случува и таквиот начин не смее да биде не правило, туку исклучок не треба да има, а не да биде правило како што е тоа кај нас.

Во однос на она што го нудеше и за што толку транспарентно говореше Владата на Република Македонија, тоа се вработените, дека еден дел од нив ќе си ги добијат своите акции. Тие акции се движеа од 1 до 10%, но за жал, за таква ситуација не слушнав и сега вработените треба да бидат многу задоволни што тоа стоеше во еден памфлет кој што го издаде Владата на Република Македонија, каде што се кажува што ќе се случи со вработените по точка 5-целосно се заштитени од отпуштање во првите три години по приватизацијата на компанијата. Ова да го дообјасниме, имено, новиот сопственик нема право да отпушти ниту еден вработен во првата година, во втората и третата година според Колективниот договор ќе може да отпушти и до 5% од вработените. Понатаму, заштитните мерки од Колективниот договор траат три години, значи толку се заштитени вработените. Ако ова некој го видел и го сфатил, тука никаде не стои ни за акции од приватизацијата, ни како ќе се приватизира, ни кој ќе ги добие тие акции, дали само граѓаните кои биле вработени во АД ЕСМ Дистрибуција, дали сите вработени во акционерските друштва ЕСМ пред распаѓањето на друштвото, пред преобразбата или пак дел од овие средства се предвидени за друго место. Тука стои каде ќе се потрошат парите од продажбата на ЕСМ, каде што некои нетранспарентно или од незнаење, едните говорат дека тие средства ќе завршат во Буџетот на Република Македонија, за што говори и министерот за финансии, кажувајќи дека со ова исполнуваме уште еден услов кон ММФ и тие средства се средства кои ќе завршат во Буџетот на Република Македонија. Од друга страна се говори за некои проекти инвестициони, кои ќе обезбедат не знам каков развој во Република Македонија и ќе се случи еден бум, бум што го чекале четири години и од тоа видовме само трес, а бум никако. Значи во овие памфлети кои што беа поделени и тој што пишувал не знаел што пишува, ниту знае што е приватизација, ниту знае што е продажба, ниту знае што на кого и каде му продал. Се обидовме 2004 година во декември месец да побараме за целиот процес да се изјаснат граѓаните на Република Македонија, значи побаравме референдум и не знам која беше причината Владата да не се провери самата и да го направи тоа, а денес слободно не само АД ЕСМ Дистрибуција туку цело ЕСМ можеа да го продадат доколку добиеја потврден одговор од граѓаните. Притоа, ги видовме дебатите на стручната јавност, ги видовме и одговорите, го видовме и начинот на кој тие размислуваат и апсолутно не се тангира она што го кажуваше Владата, што за жал е една ситуација што е реална во Република Македонија. Не знам сега кон кого беше насочено сето ова, дали кон стручната јавност, дали кон граѓаните, но се направи што се направи и веќе сега кажуваме дека само Парламентот, после оваа точка, доколку го изгласа овој закон, има можност да дојдеме некогаш во ситуација кога Република Македонија ќе биде членка на Европската унија, кога ќе ги средиме сите односи во ЕСМ, кога ќе имаме ситуација да можеме да говориме за нови

производни капацитети, затоа што со ваквиот начин на продажба со 90% направивме само една работа: од државен капитал и монопол направивме приватен монопол кој што барем секаде во светот се кажува дека е полош од претходниот.

Тука ќе имаме голем проблем кој стручните луѓе, сигурно, го знаат подобро и повеќе, сега пред мене имам некои говори и размислувања на господата опозиционери на последната седница 111-та на Собранието на Република Македонија одржана на 16 јули 2002 година, некои од нив се министри, ни држат предавања како треба и што треба да се направи, некои од нив се потпретседатели на Влада, јас сега не би сакал да го одземам вашето внимание и да почнам да читам што тие говореле во 2002 година, а можеби треба, затоа што некој што држи предавања треба да знае што говорел и да биде доследен на она што го кажува, се надевам тоа ќе се случува со мене секогаш затоа што ова што го кажувам 4 години сум го кажувал претходно уште 10 години, ќе го кажувам секогаш се додека има нова ситуација, мислам дека господата го кажувале ова само заради една ситуација во тој момент да добијат популизам или да направат она што мислеле дека треба да се направи и да дојде овој момент во кој тие ќе бидат луѓето кои ќе раководат и кои ќе стигнат да го продадат ЕСМ.

Значи, јас би кажал само кратко за секој по нешто, неколку реченици, изводи, не би сакал да ве малтретирам и покрај тоа што тие си зедоа за право да бидат и горди дека успеале сето тоа да го запрат и тоа јавно го кажуваат, а тоа беше пред приватизациониот кредит за ЕСМ, значи, тие 45 милиони кои тука поминаа во 2004 година со една расправа во Парламентот сигурно многу конструктивна од саат и половина до два.

Сега, тогашниот пратеник а сега министер за финансии, кажува дека процесот на продажба на ЕСМ треба да не ги оштетува постојано граѓаните на долг, на краток и на среден рок. Сега тој процес ќе ги оштети граѓаните, струјата ќе поскапи, имотот им е национализиран, сето ова успеавте да го постигнете со три закони за кои некој сакаше да вади катастари, белешки, сликања, цртежи и се останато што е потребна документација за еден дел од тоа земјиште да биде приватизирано така како што треба. Но, тоа за некој не значеше ништо. Поповски, по втор пат требаше да бидат свикани поголемите политички партии или оние парламентарните за да се постигне консензус за продажба. Министерот не е тука, но прашањето стои, тоа го поставивме и вчера дали и сега имаат консензус? Јас мислам дека немате затоа расправаме за овој закон денеска, инаку ако го имавме консензусот апсолутно ова ќе беше денеска беспредметно за расправа и тука ќе ја завршевме денешната седница, но сега останува ние како опозиција единствената надеж да ја гледаме во овој закон и усвојувањето на истиот, тоа е се што може да направи опозицијата во овој момент, јас ќе ги повикам максимално присутни при чинот на гласање да можеме да го изгласаме овој закон.

Понатаму, господинот Илија Илоски, ЕСМ е најклучниот економски сектор, од него зависи секој поединец на Републиката, секој економски субјект. Значи, денеска со ваквата продажба ќе го уништиме секој поединец и шлагот за на крај. Госпоѓицата Шекеринска, актуелен потпретседател на Владата, која е стратегијата што сте ја предвиделе, која е програмата, кои се моделите, дали постои некаков план. Млада госпоѓице, зошто сега не ги поставите овие прашања на господинот Бучковски или беа само за една употреба. Или вие сте судбински определени да продавате државни компании и сите овие декларатоpни тиради на тогашната опозиција, мислам дека паѓаат во вода, после ова што се случува денес кога луѓето кои беа први да не се продава ЕСМ ни држат придики и кажуваат како тоа е реформски, како тоа води во една безбедна, сигурна Република Македонија, како тоа води во сигурно снабдување со електрична енергија, дали виделе каква е состојбата, дали и кога последен пат биле во РЕК Битола да ги видат маките на тие луѓе таму што работат, да ги видат овие долгови што се направени кон цел град и кон цела држава за да може да се реализира нешто, за да можеме да имаме производство, тоа апсолутно никој ништо не го интересира, ние сега продадовме ЕСМ - Дистрибуција не продадовме ни трафостаници, не продадовме ни бандери, ниту мрежа, сето тоа е продадено, но ние продадовме бизнис. Бизнисот е тој што ќе ги интересира господата кои го купиле ЕСМ, пред малку говоревме за Законот за енергетика, во тој Закон даваме една лиценца со која правиме монопол и тука господа завршува приказната. Ни 2008 ни 2015 година, тие лиценци важат до 30 години, нека ни е со среќа, кој ќе издржи ќе преживее и ќе кажува, но јас мислам дека е ова една од најголемите грешки. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Иако не почнав со вас еве завршувам.

Кој е за реплика од пријавените?

Госпоѓо Борозан, имате три минути.

**Весна Борозан:** Благодарам, добро е што господинот Спиро Мавровски потсети на 2002 година на дискусијата која се водеше во Собранието тогаш во таа прилика. Тој го обвинува СДСМ и највисокото раководство на СДСМ тогаш пратеници дека нивните настапи во 2002 година е популизам.

Јас сметам сосема спротивно, сметам дека поднесувањето на овој закон низ дискусијата на господинот Мавровски дека е чист популизам. Од кои причини? Имено, во 2002 година веќе неколку пати е констатирано од собраниската говорница, беше поднесен закон од Владата на господинот Љубчо Георгиевски во кој Владата бараше овластување од Собранието за продажбата на ЕСМ вертикално интегрирано претпријатие кое во

себе ги вклучуваше трите денешни претпријатија ЕЛЕМ, МЕПСО и ЕСМ-Дистрибуција да биде продадено во непосредна спогодба со евентуален странски инвеститор.

Значи, во тоа време Владата на Љубчо Георгиевски сакаше без тендер во непосредна спогодба да го приватизира целото ЕСМ и дискусиите на тогашните пратеници на СДСМ беа во правец дека ЕСМ не смее да се продаде како вертикално интегрирано, дека тоа треба да се реструктуира, дека целиот сектор треба да се реформира во согласност со европските директиви и понатаму евентуално да се продаваат одделни делови од ЕСМ. Тоа го кажуваа тогаш на говорница, тоа стоеше во изборната програма на СДСМ за изборите 2002 година и тоа го спроведе оваа Влада во текот на изминатите 3 ипол години.

Господинот Мавровски исто така прашува за консензус. Консензусот се градеше сите овие 3 ипол години при донесување на одделни закони, реформски закони од оваа област. Само да потсетам во 2002 година го донесовме Законот за основање на Регулаторна комисија за енергетика, неопходна кога се сака да се отвори либерализиран пазар и кога се сака приватизација, влез на странски инвеститор во таков сектор.

Понатаму, се донесе Законот за приватизација на ЕСМ, кој е исто предмет на амандманите. Уште еднаш во тој Закон за приватизација беше реафирмирана стратегијата на власта како ќе го реформира овој сектор. Значи, се што се заврши минатата недела со приватизирање на еден дел од вертикално интегрираното ЕСМ беше дел од стратегијата со која СДСМ настапи на минатите избори во 2002 година и за која програма ја добивме поддршката од народот.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски, една минута.

**Спиро Мавровски:** Како предлагач господине претседателе . . .

**Љупчо Јордановски:** Сакате да зборувате?

**Спиро Мавровски:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Повелете, зборувајте, имаме време.

**Спиро Мавровски:** Во однос на ова што го говори госпоѓата Борозан . . .

**Љупчо Јордановски:** Не, господине Мавровски, вие не можете да реплицирате, ако сакате да ја играме играта, вие се јавивте за збор и немојте да реплицирате по ниедна основа на госпоѓа Борозан. Да побаравте реплика можевте и после тоа да побарате како предлагач, да ве подучам, ќе продолжевте понатаму. Сега, бидејќи побаравте збор како предлагач, нема да дозволам никаква реплика на госпоѓа Борозан. Логика е логика, ве молам така да се однесуваме.

**Спиро Мавровски:** Но, има друга ситуација каде престанува логиката, почнува нешто друго. Сега, вие знаете подобро од мене.

Јас ќе проговорам за ова што мислам дека не го сфатија некои од пратениците, ќе проговорам за консензусот затоа што во овие 3 ипол години јас не го видов консензусот апсолутно кон ниеден закон ниту Законот за енергетика, ниту овие закони кои се носеа по итна постапка, значи тоа е Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар, запишување на правата, само со по еден член Владата не најде за сходно на овој начин вие кажувате многу транспарентно, со еден член цело земјиште да биде препишано на она што значи ЕСМ. Сега се јавуваат многу проблеми и од Катастарот добиваме ситуации во кои самиот Катастар не сака да ги запишува овие имоти и се јавуваат проблеми.

Од друга страна имате ситуација во која вие добивате можност, еве пред мене имам документи од општина Гостивар каде апсолутно катастарски не се знае што на кој припаѓа, а не дали ќе биде ЕСМ, дали воопшто зградата има 2 или 3 ката. Сега, ние во една таква ситуација во која се наоѓа Република Македонија си зедовме за право да можеме да ја завршиме оваа приватизација, да ги направиме овие закони денес за вчера и на овој начин регулиравме се.

Ако е тоа начинот, тогаш се е во ред. 2004 година за да имаме консензус јас зборував, ќе ве потсетам, направивме можност преку референдум граѓаните на Република Македонија да ја искажат својата волја. Од што Владата на Република Македонија се плашеше и од што сега се плаши. Тоа истото го направија во Швајцарија, во Латвија, па тие кажаа не и нивните електростопанства не се продадоа. И ништо не се случи така катастрофално. Ние, дали имаме чувство дека денеска пред избори на два месеци или не знам колку незнаеме кога ќе бидат изборите, дека ние со оваа продажба направивме нешто за кое утре треба да биде горди. За два месеци вие ја продавате, а не говориме за она што некој говорел дека ќе ја продаде, дека тоа бил закон за претприватизација како што ви кажав, кредит од 45 милиони евра, сега не можам да сфатам дали тогаш некој бил во право или не бил и ни останува да земам сега наредниот пат кога ќе се јавувам да ви прочитам се што говорела тогашната опозиција затоа што за да имаме, ова што го кажувате вие, дека била чиста работата, дека се формирала Регулаторна комисија која веќе 9-ти месец не може да ја промени цената на електричната енергија, а пред нас имаме Правилник и начин и услови за регулирање на цени на електричната енергија, што го знаете многу поубаво од мене и во овој Правилник кој тука беше прикажан на говорница, се кажува дека ова можеби не е така, еве ја таа формула, ако може да види камерата, многу далеку, но во секој случај тоа е формулата по која требаше Регулаторната комисија да дефинира дали и колкава ќе биде цената на електричната енергија.

Но, колку што знам и покрај ветувањата и вашето учество на многу седници на комисиите за економија заедно и позиција и опозиција каде се говореше дека цената ќе биде во септември, па во октомври, па крајот на декември, па јануари, па еве го сега март, утре април, друг ден се избори и тоа не се случи. После 7-ми април сигурно нема да се случи  за Дистрибуција, вие кажувате и покрај тоа што во акционерските друштва ЕСМ, посебно ЕЛЕМ каде нема средства во овој момент, Владата се откажала од профитот кој треба да го добие за електричната енергија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, само да прецизирам, кога велите вие мислите на госпоѓа Борозан или мислите генерално . . .

**Спиро Мавровски:** Не, мислам на Владата и позицијата. Затоа што заедно сме биле на многу состаноци. Мислам дека ни еднаш не кажав госпоѓа Борозан, а кој како . . .

**Љупчо Јордановски:** Продолжете, бидејќи не реплицирате, со тоа вие не реплицирате ако мислите на Владата. Повелете.

**Спиро Мавровски:** Имам само уште малку да кажам и еднаш да завршиме со таа ситуација дека некој нешто сакал некогаш да продава. Тоа не се случило. Сега имаме продажба и завршена работа. Дека некој сакал некогаш и јас сум сакал многу работи ама не се случиле. Вие сега имате обвинувања за нешто што не се случило. За ова што сега е направено тоа е толку нормално, толку природно дури така е легнато што пред избори на два месеци е идеално направено да после не може никој да се снајде кој од каде ќе бега и кај ќе бега и зошто ќе бега.  Тогаш беше кажано ова што го кажувате вие дека парите се легнати на некоја сметка, дека се е во ред, се знае кој ќе биде купувачот, се знае кој е продавачот, се знае се и на крајот кога заврши се како што заврши, сега следува прашањето до некого каде се парите, одговор нема. Велиме дека се е транспарентно до моментот кога се заврши приватизацијата. Сега, договорот можеби некој, кажав, вие не бевте присутни и некои од колегите не беа присутни, кажав дека некој можеби го има видено договорот, но овој Парламент мислам дека е тој што требаше и ние како пратеници да го имаме тој договор и денеска да разговараме со факти и аргументи и да кажеме дека ова може ова не може. Ниту не прашал некој ни пред тоа како опозиција, а ниту сега ќе не праша и сето ова ќе помине со гласање и прегласување и тука приказната ќе заврши. Вие ќе го продадете за разлика од некој што го обвинувате дека сакал да продаде и сега 4 години тука слушам една иста ситуација. Некој сакал да продаде, некој сакал да земе пари, некој сакал ова. Е, сега се продаде, дали некој зеде пари,  тоа е веќе друга ситуација. Тоа е ситуација за која некој треба да каже. Ако договорот не може да го види Антикорипциската комисија, ние изгледа ич не ќе можеме. Што стои во тој договор каде што имаме Македонија, кажав вие сте еден од потписниците на Атинскиот меморандум и Република Македонија и што ќе се случи после тој потпис најдобро знаете, но Господ да ни е на помош, па кога ќе го видиме договорот ќе видиме за што и како говориме, дали имаме право воопшто да говориме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Колку за јавноста, Антикорупциската комисија имаше право да го види договорот, но под одредени услови. Така што немојте господине Мавровски, не можеле да го видат, таа можела да го види само имало одредени услови, што е нормално. Вие не го спомнавте зборот транспарентно, вие рековте не можела да го види, а да рековте транспарентност, можеби немаше да реплицирам на овој начин.

Госпоѓо Борозан, реплика?

**Весна Борозан:** Во својот збор господинот Мавровски го потврди она што јас сакав да го кажам во репликата.

Значи, во 2001/2002 година Владата на Љубчо Георгиевски имаше стратегија, план да го приватизира ЕСМ и со тоа се согласи господинот Мавровски.

Во 2002 година дојде до промена на власта, новата власт дојде со одредена програма дека ЕСМ не може да се приватизира на начин на кој планираше претходната влада, туку дека треба претходно да се преструктуира и да се регулира секторот. Веднаш од почетокот на 2003 година продолжи со спроведување на таа своја програма. Значи, реструктуирање, уредување на секторот според европските директиви и потоа приватизација на само еден дел од ЕСМ.

А за кој консензус зборува господинот Мавровски, ако тоа не е консензус две влади во континуитет се согласуваат дека ЕСМ треба да се приватизира дури новата Влада тоа го прави  на многу подобар начин.

Значи, воведува регулатива неопходна во секторот пред негова приватизација, воведува реструктуирање, Законот за приватизација е донесен во Собрание, после тоа следи низа на закони тука во Собрание и не знам колку пати е дискутирано на таа тема. Ако за овој случај не постои консензус, јас не знам за што постоел консензус во Македонија. Што се однесува до договорот јавноста знае, да потврдам тоа што го кажа претседателот, Антикорупциската комисија можеше да го има на увид Договорот, може и сега да го има на увид, меѓутоа, ако потпише дека одредбите од Договорот, значи сознанијата од содржината на договорот ќе ги користи само за својата работа, а нема да ги користи како памфлети на весниците.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски имате контра реплика или барате збор?

Повелете една минута.

**Спиро Мавровски:** Стратегијата и планот за продажба, како што кажавте оваа Влада го промени максимално. Јас не знам што во овие три години правеше оваа Влада, кога и денес, ви кажав овие закони се донесени по итна постапка. Од друга страна која е таа програма што ја предложи Владата во 2003, вие ја имате, освен

бркање на вработените од ЕСМ заради структурални промени кои се случија во крајот на 2005 година, а ги избркавте луѓето во 2003 година.

Понатаму, она што го кажувате, двете влади имале консензус. Па вие цело време говорите за продажбата на Телеком. За Телеком вие направивте и закони и се, и се продаде во време на Владата на Љубчо Георгиевски и кажуваате дека Љубчо Георгиевски го продаде Телеком, а вие бевте тие што ќе го продававте.

И на крајот да ви кажам, она што го кажавте за потписот за одредбата, тоа ми личи на оние што си ги бараат кодошите и потпишаа дека до 2020 година не ќе може да кажат кој ги кодошил и кој ги гледал и следел цело време. Ако е тоа транспарентност, не знам тогаш што не е транспарентно.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Насуфи дојдовте на ред да го кажете своето мислење по овој Предлог на закон.

Повелете имате збор.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам господине претседател.

Пред се потврдува една погрешна теза која се споведува во продолжение во овој Парламент, нешто што ја обезвреднува работата на самиот Парламент, а тоа е расправата за Нацрт закони, материјали кои имаат карактер што е веќе пост фестум , бидејќи сега веќе имаме ситуација ова Јавно претпријатие веќе е продадено.

Ќе ви направам една забелешка и вам, меѓутоа и на госпоѓа Борозан, бидејќи купувачот на ЕСМ, на дециден начин се има изјаснето дека ваквите договори никаде не се прават на јавен начин. Тоа барање тие го имаат наметнато на Владата на Република Македонија. Затоа немојте да инсистирате да ги оправдувате. Граѓаните на Република Македонија немаат никаква шанса да го видат овој договор. Го имаат споредено дури на оној начин што ниту во Америка, ниту во Европа, ниту никаде на друго место ваквите договори не биле јавни, туку, ќе кажам нешто друго. Тоа не е вообичаен бизнис за држава, за влада и за Македонија. За купувачот ова е вообичаен бизнис. Кога се продава Јавно претпријатие, ве молам, тоа е сосема поинаква ситуација. Секаде во светот јавните претпријатија се продаваат транспарентно, од причина што тоа е имот на сите граѓани, затоа и се јавни претпријатија и се со посебен јавен интерес. Значи, овде се говори за ЕСМ. Такво претпријатие беше и Телеком, такво претпријатие е и ЈП Железници и не е упатно да се прифати едно вакво условување од страна на купувачот, во оваа прилика, затоа што имаме една странка, тоа е Владата, како сопственик на ЕСМ, а од друга страна е купувачот. Секако тоа треба да ни биде многу јасно дека купувачот тоа го има поставено како услов, значи не јавноста.

Ќе направам еден пристап кон проблемот, бидејќи кога реков дека е пост фестум, значи ова прашање веќе е завршено. Меѓутоа, треба да бидеме свесни дека ние можеме да повлечеме паралела на идентификација меѓу Компанијата Телеком и Компанијата ЕСМ. Мислам дека тука можеби има големи разлики, го велам ова условно, меѓутоа граѓаните можат мобилниот телефон и да не го користат и да не се оштетат. Меѓутоа денес не можеме без електрична енергија. Затоа не може да се стави знак на еднаквост меѓу електричната енергија како услов, како енергија за производство, за стандард и за една човечка благосостојба и меѓу телефонијата која што на крајот на краиштата може да влезе и во категорија на луксуз.

Другата разлика која што исто така ми изгледа голема, средствата од Електростопанство се наменети според моите информации можеби да одат во исплата на надворешните долгови. Додека поголемиот дел на средствата на Телеком, говорам како член на поранешната Влада, значи тие средства се употребени за градење на патишта, употребени се за градење на канализација, за градење на училишта, за градење на здравствени домови, на болници итн. Значи, за една поголема инфраструктура од интерес на граѓаните, затоа што тоа е едно начело секаде во светот кога се правела приватизација на јавни претпријатија средствата кои што се добиени од овие јавни претпријатија вообичаено биле употребувани и се употребуваат за интерес на граѓаните во разни форми. Не е речено дека тие мора да бидат за инфраструктура, туку се правела приватизавија на соодветни компании во Англија и тие не се користеле за инфраструктура, затоа што таква инфраструктура веќе постоела, туку се користеле за градење на нови објекти, за нови производствени погони со кои што се олеснува животот на граѓаните, затоа што на крајот на краиштата тие претпријатија се имот на граѓаните во кои што инвестирале сите граѓани. Сега кога средствата од оваа продажба барем малку можат да ги осетат и граѓаните. Мислам дека самата продажба е фијаско. Потполно сум убеден дека јавните претпријатија се продаваат заради недостаток на средства за модернизација на истите. За да се следи технологијата во чекор, бидејќи државата не може тоа да го направи и странските инвеститори можеби ќе можат тоа да го направат, меѓутоа, јас во моментов не ја гледам оваа цел и намера. Или пак, знаете кога ќе дојде? Ќе дојде на денот кога ќе истече денот за избори, кога купувачот ќе има право цената на електричната енергија да ја формира според своја потреба. Според тоа, да може да ги инкасира и да ги инсталира средствата на тотална контрола на трошоци, на расходи, што е во ред, а со тоа граѓаните на Македонија да живеат во други услови. Меѓутоа, за жал, тие живеат во услови на сиромаштија вообичаено за ваква категорија во светот се дава електрична енергија гратис. Овде нема да се дава гратис електрична енергија. Кога производството во Македонија паѓа, кога репродукцијата паѓа, додека цените на фактурите

кои диктираат импути на производство и тие се зголемуваат, фактички тогаш ќе се уништи и производството, тоа мало производство што постои. И ова всушност ќе не донесе до ситуација колку што може да ни го отежни животот, или ќе доживуваме потешки денови. За што мислев дека договорот требало да биде барем малку јавен, дури тоа што Владата треба да поднесува сметка на граѓанинот. Во услови на екстремно осиромашување, во услови кога земјоделството е во уништување, кога младината оди по девијантни патишта. Задолжително е и повеќе од потребно да создаваме услови и нови работи за производство. Затоа моето инсистирање е средствата добиени да се објават јавно, да се каже за што ќе одат, за што ќе бидат наменети. Второ, истовремено да се знае текот на менаџирање со електричната енергија што се однесува на цената и другите понатамошни услови. Ова е неопходно да се каже на граѓанинот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Насуфи, бидејќи неколку пати до мене се обративте, имам реплика.

Јас само да вклучам три минути, да не бидам различен од било кој друг пратеник во врска со репликата.

Рековте дека ова е пост фестум седница, односно точка која што се расправа на дневен ред. Бидејќи ЕСМ Дистрибуција веќе е продадена. Господине Насуфи, вие сте правник и вие знаете дека правило број 1 во било која правна држава е да се почитува правото и да се почитува Деловникот. Јас не сум крив што седниците во меѓувреме и точките се дискутираа по еден, два, три дена, баш од опозицијата и оваа точка не дојде на дневен ред. Но, јас го почитувам Деловникот, и еве точката дојде на дневен ред и ако ништо друго имавте можност да го кажете она што го кажавте сега.

Второ, велите дека секаде во светот јавните претпријатија се продаваат транспарентно, отворено, а не како што е овде. Јас ќе речам обратно, дека не е така. Не знам чија констатација ќе биде повалидна. Бидејќи вие не кажавте ниеден доказ, ниеден пример дека тоа некаде така е направено. Според тоа, моето спротивно мислење во однос на вашата констатација е исто толку важно колку што и вашата констатација е валидна. Затоа сметам дека тоа што го кажавте е чисто вака еден вид на пропаганда.

Потоа, рековте дека, нема да зборувам за Телеком и за парите околу Телеком, тоа најдобро го кажаа граѓаните 2002 година на изборите и сега не сакам на тоа да ве потсетувам, бидејќи принцип, правило број еден во овие сите четири години на моето дејствување како пратеник е да не потсетувам она што направила претходната Влада, бидејќи затоа политички таа беше казнета, или наградена, како сакате. И секако најмалку што сметам дека е коректно, сега во предизборието, бидејќи сметам дека овој Парламент треба да се извлече од дневната политика, бидејќи ние овде носиме закони. И овие три и пол години колку што јас сум претседател, ниеден закон не се остави на страна, сите сум ги ставал на седници и сме ги носеле и сме биле ефикасни. Сметам дека не треба овој Парламент да се користи за одредени демагошки популистички и дневно политички потреби, иако сме пред избори. Со тоа ќе ја покажеме нашата величина, независност и навистина дека овој Парламент е дом на сите граѓани. А кога зборувате во името на граѓаните, мислам дека треба тука да бидете малку почувствителни, затоа што сепак вие не сте претставници на сите граѓани.

Една минута контра реплика господине Нафуси.

**Џевдет Насуфи:** Ви благодарам господине претседателе. За мене е чест дека вие вака можеби ретко имам чест да ми реплицирате директно во својство на пратеник, но сега сте истовремено и претседател на Парламентот. Кога реков за пост фестум, мислам дека по Деловникот ги имате и другите можности со кои сте можеле да го заврзате ова. Доколку мислите дека поранешната Влада згрешила, тогаш не треба и вие да згрешите. На крајот на краиштата, вашата грешка е двојна, бидејќи немаме поука од минатите, а за средствата не е сто посто, но еден дел, соодветен дел на средствата е употребен за инфраструктурата во интерес на граѓаните. Еден голем дел остана токму на оваа Влада од средствата за да ги имплементира, и да ги употреби и потроши тие средства. Мислам дека од Владата вие лично би било добро да побарате информација каде се употребени тие средства.

**Љупчо Јордановски:** Што се однесува за забрзување за одредени да кажеме законски проекти што се во Парламентот, тоа господине Насуфи, кога ќе бидете вие претседател, тогаш правете го. Јас ќе одам по Деловникот и по точка на дневен ред. А можеше да дојде и пред продавањето на ЕСМ оваа точка на дневен ред, ако за секоја точка за која е заинтересирана опозицијата, или позицијата не се дискутираше по два дена. Според тоа, важноста од тој аспект, ако така ја ценам важноста на овој закон подеднакво беше неважна, или подеднакво важна и за опозицијата. Еве и денеска стигнавме да кажеме само затоа што многу закони поминавме каде што не се дискутираше излишно и дојдовме денеска на точка на дневен ред. Според тоа, немојте ве молам господине Насуфи да го обвинувате претседателот. Претседателот сите точки ги става на дневен ред по едно утврдено правило, зависи од пратениците дали сакаат да дојде таа точка на дневен ред, или не сакаат да дојде на дневен ред.

Контра реплика господинот Спиро Мавровски.

Повелете како предлагач.

Затоа што имам ангажман, после вас јас ја прекинувам денешната седница.

**Спиро Мавровски:** Во ред е. Вие кога мислите, тогаш ќе ја завршите во секој случај. Но, сигурно за оваа точка знаете дека од мене како предлагач

и од пратеничката група на ВМРО-Народна имаше три официјални барања за поставување на оваа точка на дневен ред. Јас мислев дека ако оваа точка ја разгледуваме пред донесувањето на одлуката, мислам дека ќе беше покоректно. На овој начин јас ја почитувам секоја одлука на било која Влада затоа што ја претставува Република Македонија. Сега во оваа ситуација доаѓаме доколку Парламентот ја усвои оваа точка, оваа продажба треба да се прогласи за ништовна. Затоа што мислам дека законот кој што на овој начин можеме да го донесеме и јас се надевам дека повторно ќе најдеме храброст да го донесеме, ќе запре нешто што во овој момент некој мисли дека е крај.

**Љупчо Јордановски:** Само сакам да кажам, точно е дека три пати вие побаравте оваа точка да продолжи, но имаше и многу други закони, нови седници и јас ветив дека ќе ја продолжам. Еве, јас ја завршувам оваа точка, барем во мојот мандат.

Процедурално, повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Претседателе, ќе беше чесно од вас на време да ни кажевте дека имате денес намера да работите до 17,00 часот, за да можеме сите ние пријавени, заинтересирани да зборуваме по овој закон, да можеме да се усогласиме, господинот Мавровски ќе скратеше од својата дискусија, јас од мојата, да оставевме простор и за другите пратеници кои сакаа јавно да го кажат сопственото мислење овде. Мислам дека не само што не е коректно, туку, можам да кажам дека се граничи со безобразие ваквата игра. Моментот кога треба да се слушне нашиот глас и нашиот став по одредено прашање, како што е продажбата на ЕСМ Дистрибуција и притоа со вакви финти вие да ни кажувате дека имате обврски, повикајте го потпретседателот, или еден од потпретседателите, да дојде да ја води седницата и да си го кажеме она што го мислиме. Утре имаме нова седница, можеби побитна од оваа седница, законите за избори, така што сметам дека треба и чесно ќе биде тој дел да го изрегулирате, не вака да манипулирате со нас, пет до дванаесет т.е. минута до дванаесет да ни најавувате дека во 17,00 часот имате обврски. На што личи ова. Мислам дека го рушите прво нашиот дигнитет, како луѓе и како пратеници. Не е чесно. Да ни кажевте на време ќе се договоревме.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, да ве утешам...

**Александарм Флоровски:** Не сакам да ме утешувате. Јас мислев дека сте коректен, чесен кој држи до сопствениот дигнитет и ова што ќе го правите, ви кажав се граничи со безобразие.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски помина една минута, толку време баравте.

Јас ќе бидам коректен.

Бидејќи сите констатиравте дека ова е пост фестум и сега дискутираме околу ефектите и последиците на актот или законот кој е пост фестум, јас оваа точка ќе ја завршам, господине Флоровски. И вие ќе имате можност да се искажете. Јас имам, навистина некои непредвидени средби се појавија.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,04 часот)